Република Северна Македонија

Министерство за образование и наука

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА - БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS - BYROJA E ZHVILLIMIT TË ARSIMIT
MINISTRY OF EDUCATION AND SCIENCE - BUREAU FOR DEVELOPMENT OF EDUCATION

# КОНЦЕПЦИЈА
# ЗА
# ГИМНАЗИСКО ОБРАЗОВАНИЕ

Јануари 2026

Скопје

Концепцијата е донесена со решение бр. ---- од -------

# СОДРЖИНА

**СОДРЖИНА** .......... **2**

**ПОЈДОВНИ ОСНОВИ** .......... **4**

Законска поставеност на гимназиското образование во Република Северна Македонија .......... 4

Потреба од реформи во гимназиското образование .......... 5

Истражување за подготвеноста за реформи во гимназиското образование .......... 9

**КОНЦЕПЦИЈАТА КАКО ОСНОВА ЗА КВАЛИТЕТНО ГИМНАЗИСКО ОБРАЗОВАНИЕ** .......... **10**

Целосен развој на ученикот .......... 11

Развој на културниот и националниот идентитет .......... 12

Подготовка за одговорно граѓанство .......... 13

Промовирање заштита на животната средина .......... 14

**НАЦИОНАЛНА РАМКА НА КЛУЧНИТЕ КОМПЕТЕНЦИИ ЗА ГИМНАЗИСКОТО ОБРАЗОВАНИЕ** .......... **16**

Знаења .......... 16

Вештини .......... 18

Вредности и ставови .......... 20

Имплементација на Рамката во гимназиското образование .......... 23

**НАСТАВЕН ПЛАН** .......... **24**

**НАСТАВНИ ПРОГРАМИ** .......... **29**

Теми/Подрачја .......... 29

Содржини и поими .......... 29

Резултати од учење .......... 30

Стандарди за оценување .......... 30

Активности .......... 30

**ПОУЧУВАЊЕ И УЧЕЊЕ** .......... **31**

Планирање на наставата .......... 31

Иновативни приоди во наставата .......... 32

**НАСТАВНИ СРЕДСТВА** .......... **34**

Учебници .......... 34

Наставни материјали .......... 35

Прирачници за наставниците ........ 35
**ОЦЕНУВАЊЕ ........ 36**
Оценување како интегрален дел од наставата во гимназиите ........ 36
Формативно оценување како поттик за учење ........ 37
Сумативно оценување за мерење на постигањата ........ 38
**СЛЕДЕЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА НАСТАВАТА ........ 39**
Државна и училишна матура ........ 39
Евалуација и самоевалуација на училиштата ........ 40
**НАСТАВЕН КАДАР, СТРУЧНИ СОРАБОТНИЦИ И ДИРЕКТОРИ ........ 41**
Професионални компетенции во гимназиското образование ........ 41
Улогата на директорите во гимназиите ........ 42
Континуиран професионален развој ........ 42
Соработка меѓу наставниците ........ 42
Кариерен развој на наставниците и стручните соработници ........ 42
**УЧИЛИШНА КЛИМА И КУЛТУРА ВО ГИМНАЗИИТЕ ........ 43**
Поттикнувачка училишна клима ........ 44
Улогата на ученичкото организирање ........ 44
Улогата на наставата ........ 45
Соработка со родителите и локалната заедница ........ 45

# ПОЈДОВНИ ОСНОВИ

## Законска поставеност на гимназиското образование во Република Северна Македонија

Гимназиското образование е составен дел од системот на средно образование во Република Северна Македонија, кој е уреден со Закон за средно образование. Овој закон го дефинира воспитно-образовниот процес во средните училишта како дел од единствениот национален воспитно-образовен систем и го утврдува неговиот јавен интерес. Средното образование има клучна улога во развојот на личните и професионалните способности на младите, а гимназијата е препознаена како образовна форма која подготвува ученици за продолжување на високото образование и за активно учество во општеството.

*Основни карактеристики на средното образование*

Средното образование се заснова на неколку основни начела и цели кои ја поставуваат рамката за развојот на учениците. Според Законот, начелата на средното образование вклучуваат инклузивност, достапност, квалитет на образованието, промоција на демократски вредности и интеркултурна интеграција. Средното образование е задолжително, бесплатно во јавните училишта и има за цел да обезбеди компетенции за самостоен живот, подготовка за пазарот на трудот и доживотно учење. Дополнително, Законот промовира заштита од дискриминација и еднакви можности за сите ученици, без разлика на нивниот социјален, етнички или здравствен статус, преку инклузивни образовни политики и разумно прилагодување на условите за образование.

*Поставеност на гимназиското образование*

Гимназиското образование е дефинирано како четиригодишна форма на општообразовно средно образование, кое подготвува ученици за продолжување на високото образование и активно граѓанско учество. Во гимназиите се запишуваат ученици кои успешно го завршиле основното образование.

Законот овозможува реализација на двојазична (билингвална) настава, како и Меѓународни програми за средно образование (ИБ програма) и програма за меѓународна матура. Овие програми обезбедуваат меѓународна споредливост на образовните стандарди и компетенции, при што државните училишта добиваат финансиска поддршка од Министерството за образование и наука, а приватните – од своите основачи.

*Цели на гимназиското образование*

Целите на гимназиското образование се тесно поврзани со целокупните цели на средното образование. Тие, меѓу другото, вклучуваат:

- Развивање на критичко размислување, истражувачки способности и вештини за решавање проблеми.
- Обезбедување писменост и комуникациски вештини.
- Поттикнување на самодоверба, свесност за индивидуалноста и одговорност за сопствените постапки.
- Градење на национален, етнички и културен идентитет, како и почитување на историјата и културното наследство.

- Подготовка за одговорно граѓанство и активно учество во демократскиот живот.
- Свест за климатските промени, одржливиот развој и зелените компетенции.

*Инклузија и поддршка во гимназиското образование*

Гимназиите се обврзани да обезбедат инклузивно образование кое ги зема предвид различните потреби на учениците. За оваа цел се формираат училишни инклузивни тимови кои се грижат за индивидуалните потреби на учениците преку развој и примена на индивидуални образовни планови. Законот предвидува поддршка преку образовни асистенти, соодветна инфраструктура и материјали, како и стручна поддршка за наставниците и учениците.

Законската поставеност на гимназиското образование во Република Северна Македонија обезбедува јасна рамка за развој на учениците, почитувајќи ги принципите на инклузивност, еднаквост и квалитет. Гимназиите играат клучна улога во создавањето граѓани со критичко размислување, социјална свесност и способност за соочување со предизвиците на 21. век.

## Потреба од реформи во гимназиското образование

Гимназиското образование во Република Северна Македонија, кое е столб на општообразовниот процес, се соочува со итна потреба од сеопфатни реформи. Наставните планови и програми, кои главно датираат од учебната 2000/2001 година, се застарени и не успеваат да одговорат на предизвиците и барањата на современиот свет. Иако во изминатите две децении беа направени одредени интервенции, тие беа мали и несистематски, со што основните недостатоци останаа непроменети.

Реформите треба да го направат гимназиското образование пофлексибилно, релевантно и ориентирано кон иднината на тој начин што ќе ги обезбеди потребните алатки што овозможуваат учениците да се соочат со предизвиците на 21. век. Носечките промени треба да ги опфатат следните сфери на гимназиското образование, кои се поврзани со предизвиците наведени под секоја сфера на промени:

*Модернизација на наставните програми*

Наставните програми по сите наставни предмети неопходно е да се осовременат, бидејќи во изминатите дваесет години науката и општеството забележаа значителен напредок, што резултираше со нова терминологија, знаења, теориски рамки и значајни откритија во различни научни дисциплини. Овие промени создадоа јаз помеѓу актуелните образовни практики и реалните потреби на учениците. Брзиот развој на науката, технологијата, и економијата бара образовни содржини кои ќе им овозможат на учениците да се адаптираат и да придонесуваат во глобалната економија и општество. Новите наставни програми треба да ги опфатат актуелните теми и трендови, како што се дигиталната трансформација, медиумската писменост, климатските промени, одржливиот развој и другите глобални предизвици. Овие теми ги одразуваат реалностите на современото општество и бараат мултидисциплинарен пристап за нивно решавање. На пример, климатските промени не се само еколошки проблем, туку и економски, социјален и етички предизвик. Вклучувањето на содржини од овие теми во наставните програми од сите релевантни предмети ќе им помогне на учениците да стекнат поширока перспектива и да развијат чувство за глобална одговорност. Истовремено, наставните програми мора да обезбедат не само теоретско

знаење, туку и практични вештини за критичко размислување, проблемско учење, и доживотно учење.

Предизвици:

- Отпор од наставниците, училиштата и јавноста кон промена на долгогодишните образовни концепти.
- Недостаток на компетенции кај наставниците за реализација на посовремени теми кои не биле опфатени со нивното базично образование.

*Промена на наставните методи*

Современото образование бара трансформација на методите на поучување. Традиционалните пристапи, кои го ставаат акцентот на меморирањето, не успеваат да ги поттикнат креативноста, аналитичкото и критичкото мислење и иновативноста кај учениците. Потребно е усвојување на методи кои ќе го стават ученикот во центарот на образовниот процес, преку групна работа, дебати, искуствено учење и користење реални проблеми за практична примена на знаењето. Ваквите методи ќе ги подготват учениците за динамиката на реалниот свет и ќе ги развијат нивните способности за самостојно изведување заклучоци и донесување информирани одлуки.

Предизвици:

- Недоволна обука на наставниците за примена на интерактивни методи ориентирани на учениците.
- Ограничена поддршка од страна на училиштата за новите методи, вклучувајќи материјали и време за нивна примена.
- Недоверба кај учениците и родителите во ефективноста на иновативните пристапи.

*Интеграција на современи технологии*

Дигиталните технологии веќе го трансформираат секој аспект од нашите животи, вклучително и образованието. Во гимназиите, технологијата има потенцијал да го направи учењето подостапно, поинтерактивно и поефективно. Едукативните софтвери, симулациите, и дигиталните платформи можат да обезбедат персонализирано учење и нови можности за креативност и соработка. Покрај тоа, интеграцијата на вештачката интелигенција (ВИ) и алатките за автоматизација ќе ги подготви учениците за идни професии кои сè уште не постојат. Потребно е образованието не само да ги користи овие технологии, туку и да ги обучи учениците како критички да ги применуваат.

Предизвици:

- Ограничена технолошка инфраструктура и интернет пристап во училиштата.
- Неподготвеност на наставниците и учениците за користење дигитални технологии на креативен и критички начин.
- Трошоци за имплементација, обука и одржување на технолошките системи.

*Промена на системот за оценување*

Постојниот систем за оценување е главно насочен кон мерење на знаењето, наместо на способностите за негово користење во реални ситуации. Современите образовни трендови препорачуваат примена на формативно оценување, кое е насочено кон следење на

напредокот на ученикот и обезбедување повратна информација за негово унапредување. Оваа промена ќе помогне да се создаде атмосфера во која учениците ќе бидат мотивирани да учат и да се развиваат, наместо да се фокусираат само на добивање оценки.

Предизвици:

- Недостаток од компетенции на наставниците за примена на формативно оценување.
- Недостаток на вештини кај наставниците за формулирање, користење и интегрирање на прашања од повисоки нивоа на знаење при оценувањето.
- Скептицизам кај родителите и учениците за промените во критериумите за оценување.

*Обезбедување поддршка за наставниот кадар*

Реформите нема да бидат успешни без активна улога и поддршка на наставниот кадар. Наставниците треба да бидат едуцирани и мотивирани да ги применуваат новите програми, методи и технологии. Дополнително, системот треба да обезбеди менторство, размена на искуства и континуирана професионална поддршка. Само така, наставниците ќе можат да се прилагодат на промените и да ги водат учениците во процесот на учење.

Предизвици:

- Недостаток на квалитетни акредитирани програми за обука на наставниците.
- Ниска мотивација кај наставниците.
- Недостиг на ресурси за организирање менторски програми и размена на искуства.

*Усогласување со меѓународни стандарди*

За учениците да бидат конкурентни на глобално ниво, гимназиското образование мора да се усогласи со меѓународните образовни стандарди. Ова подразбира ревизија на наставните програми, вклучување на глобално признати образовни методологии и осигурување дека учениците ги стекнуваат знаењата и вештините кои се споредливи со оние од образовните системи во развиените земји. Усогласувањето со овие стандарди не само што ќе ја зголеми можноста за студирање во странство, туку и ќе осигура дека нашиот образовен систем е доволно силен за учениците без проблем да преминат на следното ниво на образование, било дома или во странство, со целосна подготвеност и конкурентност.

Предизвици:

- Трошоци за адаптација на училишната инфраструктура за да одговара на современите меѓународни барања.
- Отпор кон усогласување на националните програми со меѓународните стандарди.
- Ограничено познавање на наставниците за примена на меѓународните образовни модели во наставата.

*Подобрување на резултатите на учениците*

Резултатите на учениците на меѓународни тестирања, како што е ПИСА, покажуваат дека актуелниот образовен систем не успева да ги развие основните компетенции. Подобрувањето на овие резултати е директен показател за успехот на реформите и ќе придонесе за поголема доверба на јавноста во образовниот систем.

Предизвици:

- Недостаток на систематски стратегии за унапредување на писменоста, математиката и природните науки.
- Потреба од долгорочен процес за подобрување на компетенциите, што бара континуирана поддршка и мониторинг.

*Инклузија на учениците од ранливи категории*

Образовниот систем треба да обезбеди еднакви можности за сите ученици, особено за оние кои се соочуваат со социјални, економски, културни или здравствени бариери. Учениците со попреченост и учениците Роми се меѓу најзасегнатите категории кои често се исклучени од квалитетно образование. Инклузијата на овие ученици е клучен чекор за намалување на нееднаквостите, создавање праведно општество и унапредување на општата образовна средина преку поттикнување на толеранција, емпатија и социјална кохезија.

Предизвици:

- Потреба од адаптација на инфраструктурата за обезбедување пристапни училишта (рампи, лифтови, тоалети).
- Недоволно адаптирани наставни средства, материјали и технологии (учебници на Брајово писмо, аудио и видео ресурси).
- Недостаток на специјализиран кадар за работа со ученици со различни типови попречености.
- Социјални и економски бариери кои влијаат на редовноста и успешноста во наставата на учениците Роми.

За да се одговори на комплексноста на реформите во гимназиското образование, неопходно е да се третираат предизвиците на систематски и сеопфатен начин. Ова подразбира модернизација на наставните програми, воведување нови методологии на поучување, подобрување на процесите на оценување и зајакнување на капацитетите на наставниците и училиштата. Истовремено, реформата бара подобрување на инфраструктурата и ресурсите кои ќе го поддржат современото учење, но и обезбедување инклузивност и и активното учество на сите засегнати страни. Потребно е да се воспостави механизам за мониторинг и прилагодување на реформите за да се обезбеди нивната долгорочна ефективност и одржливост.

За реформите во гимназиското образование да станат успешни, потребен е интегриран пристап кој ќе ги опфати сите аспекти на образовниот процес. Клучни стратегии за надминување на предизвиците вклучуваат:

1. *Интензивна и континуирана обука на наставниците*, која ќе ги подготви за користење на новите програми и методи, како и за работа со ученици од ранливите категории.
2. *Инвестиции во дигитална инфраструктура* и обезбедување на пристап до современи ресурси.
3. *Инвестиции во адаптација на инфраструктурата и ресурсите* за да бидат достапни за ученици со попреченост.
4. *Активно вклучување на учениците, родителите и локалната заедница* во процесот на планирање и имплементација на реформите.
5. *Систем за мониторинг и евалуација* на реформата, кој ќе овозможи навремено идентификување и решавање на проблемите.
6. *Поддршка на наставниците преку менторство и професионални заедници*, кои ќе создадат платформа за споделување на најдобрите практики.

Реформите во гимназиското образование претставуваат можност за создавање модерен, инклузивен и конкурентен образовен систем. Со вистински пристап и посветеност, можеме да изградиме училишта кои ќе бидат двигател на успехот на идните генерации.

## Истражување за подготвеноста за реформи во гимназиското образование

*Цел*

Во текот на првото полугодие на учебната 2024/25 година Бирото за развој на образованието спроведе истражување со цел да се идентификуваат и споредат мислењата на учениците и наставниците во врска со различни аспекти од гимназиското образование за да може да се утврдат нивните преференции за промени кои би придонеле за подобрување на гимназиското образование во нашата држава.

*Метод*

За потребите на истражувањето беше спроведена онлајн анкета со прашања со понудени одговори, при што на повеќето прашања е дадена можност за избор до три одговори. Во анкетата учествуваа 80% од наставниците од сите постоечки гимназии и гимназиски паралелки во средните училишта во земјата (вкупно 1772 од кои 74,4% од македонски наставен јазик, 23,3% од албански наставен јазик и 2,3% од турски наставен јазик). Со анкетата беа опфатени 77% од учениците од 3. и 4. година од овие училишта (вкупно 7110 од кои 72,2% од македонски наставен јазик, 25% од албански наставен јазик и 2,8% од турски наставен јазик). Високиот процент на застапеност на наставниците и учениците во истражувањето овозможува добиените резултати да се третираат како податоци што го отсликуваат мислењето на двете популации.

*Резултати*

Наставниците (93,1%) и учениците (93,4%) се согласни околу потребата да се воведат промени во гимназиското образование. И за едните и за другите најприоритетни се промените во тоа колку и кои предмети се учат (54,1% од наставниците и 62,1% од учениците), при што учениците го ставаат акцентот на намалување на вкупниот број на предмети, а наставниците на зголемување на бројот на изборните на сметка на задолжителните предмети.

Во споредба со другите сфери на можна интервенција, промената во застапеноста на подрачјата на гимназиското образование не се смета за приоритет иако повеќето наставници (56,5%) и ученици (65,1%) сметаат дека подрачја не треба да има, со тоа што насочувањето треба самите гимназијалци да го прават преку избор или од понудени предмети на напредно ниво, или од понудени предмети од определена насока.

Од исклучителна важност за наставниците е промените да обрнат внимание на тоа што ќе се учи во рамки на наставните предмети (54,7%). Во врска со тоа, наставниците (49,1%) очекуваат, преку изучувањето на предметите учениците да се оспособат да размислуваат и самите да изведуваат заклучоци (да се поттикне развојот на критичкото размислување). Додека за учениците (51,8%) е најприоритетно да им се овозможи да учат работи што се корисни во секојдневниот живот, за наставниците (42%) е поважно во гимназија да се учат работи што се корисни за натамошното образование.

Учениците, независно во кое подрачје на гимназиското образование учат и на кој наставен јазик учат (42,4%), препорачуваат Психологија да прерасне во задолжителен предмет за сите гимназијалци. Помал дел од нив како корисни предмети ги сметаат и Логика и Менаџмент, а со

оглед на тоа дека во иста категорија дел од учениците го сместуваат и предметот Економија, очигледно е дека се свесни за потребата гимназиското образование да ги подготви за економските предизвиците со кои ќе се среќаваат во секојдневниот живот. Од друга страна, за предметите Социологија и Филозофија, Ликовна и Музичка уметност, како и Физика и Хемија, кои сега го имаат статусот на задолжителни предмети во 1. и 2. година, учениците кои учат во подрачјата на кои не им припаѓаат овие предмети препорачуваат да се исклучат или да останат само во подрачјето на кое му припаѓаат.

За учениците е многу важно да се воведат промени во начинот на кој се одвива наставата (46%) и како се оценува (41,4%). Наставниците се согласуваат со нив дека е исклучително битно во наставата да се вклучат повеќе практични активности за да се олесни учењето (52,1% од наставниците и 60% од учениците), но се разликува мислењето околу наставните методи – додека за учениците е побитно да се учи преку истражувања и проекти (50,1%), за наставниците е поефикасно е учениците преку дискусија за време на часовите самите д извлекуваат заклучоци (55,9%).

Во врска со оценувањето постои согласност меѓу едните и другите дека е важно оценката да го земе предвид целокупниот ангажман на учениците на часовите (82,7% од наставниците и 69,7% од учениците), наспроти тоа да се базира само на поените што се добиваат од тестовите/писмените работи. Исто така, за учениците (50,2%), многу повеќе отколку за наставниците е важно однапред да им се каже што ќе се бара да знаат и на кој начин тоа ќе се оценува.

Промените во материјалите за учење не се сметаат за приоритет, иако изгледа дека им се поважни на наставниците отколку на учениците. Достапноста до печатени учебници за сите предмети е важна и за наставниците (71,7%) и за учениците (54,85%), но е поголем приоритет за наставниците. Дополнително, наставниците (56,5%) посебно инсистираат и на достапност на други материјали за учење, но не се знае дали се подготвени самите да ги креираат или очекуваат да им бидат на располагање како однапред подготвени.

И наставниците (53,3%) и учениците (59,3%) би сакале училиштето да им нуди на учениците вонnаставни активности што ќе бидат корисни и интересни. Наставниците (50,2%) очекуваат од училиштето да им овозможи на учениците учество во општествено корисна работа.

# КОНЦЕПЦИЈАТА КАКО ОСНОВА ЗА КВАЛИТЕТНО ГИМНАЗИСКО ОБРАЗОВАНИЕ

Концепцијата за гимназиското образование претставува основа за обезбедување квалитетно образование кое ги подготвува учениците за натамошно академско и професионално усовршување, како и за активно учество во општествениот живот. Таа се темели на клучни начела што го поставуваат образованието како средство за целосен личен развој, градење на индивидуалниот и колективниот идентитет, одговорност кон општеството и справување со современите глобални предизвици.

Во центарот на оваа концепција е усогласувањето на воспитно-образовниот процес со Националната рамка на компетенции, која ги утврдува знаењата, вештините, ставовите и вредностите што треба да ги развијат учениците. Овие компетенции се насочени кон

оспособување на учениците да размислуваат критички, да ги применуваат стекнатите знаења во реални ситуации, да развиваат аналитички способности и да носат одговорни одлуки.

Во Концепцијата се вградени неколку начела што го определуваат квалитетот на гимназиското образование. Начелата произлегуваат од целите на образованието утврдени со Конвенцијата за правата на детето (чл. 29) и релевантните меѓународни документи, кои го сметаат образованието како основа за личен и општествен развој. Овие начела ги одразуваат основните вредности што треба да ги поддржува образованието, истовремено поставувајќи рамка за создавање средина во која учениците не само што учат, туку и се развиваат како комплетни личности и активни граѓани.

Квалитетното образование се темели на четири клучни начела. Првото начело истакнува дека квалитетното образование е насочено кон целосен развој на потенцијалите на учениците. Второто начело нагласува дека образованието има улога во градењето на идентитетот и припадноста, како на индивидуално, така и на колективно ниво. Третото начело ја подвлекува одговорноста на индивидуата во општеството. Четвртото начело ги нагласува современите глобални предизвици, како што се заштитата на животната средина и потребата за одржлив развој.

Сите начела заедно го дефинираат квалитетното гимназиско образование затоа што ја втемелуваат улогата на образованието како двигател на личниот развој и општествената трансформација. Тие ја одредуваат насоката кон која треба да се стреми образовниот систем - да придонесе за создавање поединци кои ќе бидат и етички и интелектуално подготвени да одговорат на предизвиците во светот, истовремено придонесувајќи за неговиот прогрес.

## Целосен развој на ученикот

Целосниот развој на ученикот претставува основен аспект на квалитетното образование, особено во текот на гимназиското образование, кое има за цел да создаде целосно развиени и подготвени личности подготвени за предизвиците на современиот свет. Овој развој подразбира унапредување на когнитивните, емоционалните, социјалните, физичките и моралните аспекти на личноста на ученикот преку внимателно осмислени образовни програми, активности и методи на настава.

Гимназиското образование ја нагласува важноста на стекнување знаења и развој на интелектуалните способности преку предмети од различни области, како што се природните науки, математиката, јазиците и уметностите. Овие предмети овозможуваат развој на критичко размислување и аналитички пристап кон решавање на проблеми.. Преку задачи, истражувања и проектно базирано учење, учениците се подготвуваат за студии и професионален развој, додека практичната примена на знаењето ги поттикнува на иновации и креативност. Истовремено, наставниците имаат клучна улога во емоционалниот развој на учениците, охрабрувајќи ги да ја изразуваат својата индивидуалност и да се справуваат со предизвиците. Преку вклучување на личниот развој и справувањето со емоции во наставните програми и другите училишни активностите учениците учат како да ги градат сопствената самодоверба, отпорност и емпатија.

Социјалните аспекти на развојот на учениците се поттикнуваат преку групни проекти, дебати и воннаставни активности, кои придонесуваат за градење на ефективна комуникација, соработка и почитување на различните мислења. Учеството во волонтерски активности и проекти, дополнително ги развива чувството за општествена одговорност и граѓанската свест.

Физичкиот развој на учениците, пак, се постигнува преку часовите за спорт и спортски активности кои промовираат здрави навики, тимска работа и дисциплина. Освен тоа, учениците учат за здрав живот, правилна исхрана и одржување лична хигиена, со што се надополнува физичкиот развој.

Моралот и етичкиот развој претставуваат суштински дел од образованието во гимназијата. Преку различни наставни предмети учениците се запознаваат со концептите за правда, толеранција и одговорност, додека наставниците со својот пример играат важна улога во развивањето на моралниот карактер на учениците. Овие аспекти се надополнети со методи кои вклучуваат интерактивна и инклузивна настава што поттикнува дијалог, истражување и соработка. Интеграцијата на технологијата дополнително ги осовременува образовните процеси, овозможувајќи употреба на дигитални алатки и интерактивни платформи за стекнување на современите вештини.

Приспособувањето на наставните методи кон индивидуалните потреби на секој ученик, заедно со формативното оценување, овозможува континуирана повратна информација и насоки за напредување на секој ученик. Вклучувањето на семејството и заедницата е исто така клучно за успешен образовен процес, бидејќи активно учество на родителите и локалните организации создава поддршка и мотивација за учениците. На овој начин, целосниот развој на ученикот не е само предуслов за академски успех, туку создава личности способни да размислуваат критички, да работат со интегритет и да придонесуваат за општеството. Ова претставува основа за градење одговорни граѓани кои се подготвени за личен и професионален успех во 21. век.

## Развој на културниот и националниот идентитет

Гимназиското образование има битна улога во развивањето и на културниот и на националниот идентитет кај учениците. Преку јасно дефинирани очекувани резултати и соодветни содржини и активности, процесот на учење ги поттикнува учениците да ги разберат, почитуваат и негуваат своите културни корени, додека истовремено развиваат свест за припадност на пошироката заедница и државата. Во контекст на мултикултурниот карактер на Северна Македонија, гимназиското образование обезбедува платформа за промовирање на меѓусебно почитување и разбирање меѓу различните етнички заедници. Ова е особено важно во градењето на културниот и националниот идентитет на учениците, како и во обезбедувањето на општествената кохезија.

Културниот идентитет, кој произлегува од припадноста на сопствената етничка заедница, се гради преку почитување на традициите, јазикот, обичаите и вредностите на таа заедница. Преку наставните предмети посветени на изучување на јазикот и литературата и историјата, учениците во гимназиското образование продолжуваат со запознавање со богатото културно и историско наследство на сите етнички заедници што живеат во Северна Македонија кое се пренесува од претходните генерации. На тој начин кај учениците се поттикнува гордост и чувство на припадност, што им помага да го разберат значењето на нивниот културен идентитет како дел од нивната лична историја, но и како дел од заедничка историја на сите граѓани на заедничката држава.

Гимназиското образование промовира интеркултурна соработка преку заеднички активности на учениците од различни етнички заедници кои учат на ист или на различни наставни јазици. Организацијата на заеднички настани и реализацијата на заеднички проекти создава можности

учениците да ја ценат културата на другите, додека го задржуваат и унапредуваат својот идентитет. Ова ја јакне меѓусебната почит, ги намалува предрасудите и конфликтите со етнички предзнак и активно придонесува за зацврстување на општествената кохезија.

Националниот идентитет, кој произлегува од припадноста на Северна Македонија, се гради преку предмети како историја, граѓанско образование и географија, кои ги запознаваат учениците со државните симболи, историјата, културното наследство и уставниот поредок. Преку овие содржини се поттикнува свесноста за припадност кон една заедничка држава и чувство на одговорност кон нејзиниот развој и напредок. Мултикултурниот аспект се нагласува со претставување на сите етнички заедници како интегрален дел од историјата и културата на Република Северна Македонија.

Во рамки на гимназиското образование исто така се организираат активности од национално значење, како што се одбележување на државните празници, посети на културно-историски споменици и учество во проекти кои ги промовираат вредностите на мултикултурноста, толеранцијата и заедничкиот живот. Преку овие активности, учениците ја развиваат свеста за заедничката иднина и меѓусебната поврзаност како граѓани на Република Северна Македонија.

Гимназиското образование го препознава и истакнува значењето на истовременото негување на културниот и националниот идентитет. Интеграцијата на етничките содржини во националниот контекст обезбедува кај учениците чувство на гордост за нивната културна припадност, додека истовремено ја развива свеста за заедничкиот идентитет во рамките на мултикултурната и демократска држава. Ова придонесува за градење на општество кое се темели на почит, разбирање и инклузија, каде секој ученик може да се чувствува горд на своите корени и подготвен да придонесе за заедничката иднина. Истовремено, обезбедувањето на општествена кохезија преку гимназиското образование е основа за стабилност и напредок на мултикултурната заедница во Северна Македонија.

## Подготовка за одговорно граѓанство

Гимназиското образование има важна улога во формирањето на одговорни граѓани и во поттикнувањето на учениците да придонесуваат за развој на демократско и инклузивно општество. Преку различни аспекти на наставата учениците се учат да размислуваат критички и да ги разберат основите на демократијата, правата на човекот и другите клучни општествени вредности. Тие се поттикнуваат да анализираат општествени процеси и да се вклучуваат во дискусии и дебати за актуелни општествени теми, што им овозможува да станат активни учесници во своите заедници и општеството во целина.

Во контекст на развивањето на одговорно граѓанство, важно е да се поттикнуваат учениците да бидат свесни за потребата од инклузивност и еднакви можности за сите. Гимназиите се инклузивни средини што активни придонесуваат за создавање на општество каде сите ученици, без разлика на нивниот род, способности, социјален статус, или етничка и верска припадност имаат еднакви можности да се развиваат и да учествуваат во општествените процеси. Учениците со попреченост, учениците од социјално загрозени категории и учениците што се припадници на другите маргинализирани и ранливи групи често се соочуваат со бариери кои можат да ги исклучат од образованието и општествениот живот. Затоа, образовните институции треба да обезбедат поддршка, специјализирани ресурси и пристапни простории за да ги отстранат овие

бариери и да овозможат активно учество на сите ученици во процесот на учење и во изградбата на одговорно граѓанство.

Гимназиите, како инклузивни простори, создаваат услови за учениците да работат во мултикултурни и мултиетнички групи, да ја почитуваат различноста по секоја основа и да се соочуваат со проблемите на дискриминација и нееднаквост. Инклузивниот пристап не само што го поттикнува почитувањето на различностите, туку и активно ја промовира свеста за значењето на еднаквоста, човековите права и социјалната правда. Учениците учат како да се залагаат за правата на сите луѓе, вклучително и на оние од маргинализираните или ранливите групи, што е од клучно значење за развојот на демократски вредности и одговорно учество во општествениот живот.

Практикувањето инклузивност во гимназиското образование исто така ги учи младите како да се справуваат со предизвиците и да се залагаат за општество што ќе ги вклучува сите, без разлика на нивниот пол/род, способностите, социјалната, етничката, културната или друг вид позадина. Преку учеството во различни проекти, дебати и волонтерски активности, учениците развиваат важни социјални вештини и се подготвуваат да станат одговорни граѓани кои ќе придонесуваат во изградбата на фер и праведно општество. Инклузивните вредности и принципи кои се применуваат во гимназиското образование ги подготвуваат учениците да бидат свесни и активни членови на општеството, кои активно се борат за еднаквост, правичност и почитување на човековото достоинство.

## Промовирање заштита на животната средина

Гимназиското образование значајно придонесува кон поддршката на заштитата на животната средина и поттикнувањето на свеста за одржлив развој кај учениците. Преку интеграцијата на еколошки теми во наставните програми и организирањето активности поврзани со екологијата, гимназиите создаваат основа за развој на еколошки свесни и одговорни граѓани.

Наставните содржини од предметите кои припаѓаат на природните науки, имаат за цел да го зголемат разбирањето на учениците за важноста на екосистемите, климатските промени, обновливите извори на енергија и одржливото управување со природните ресурси. Преку практични вежби, лабораториски експерименти и анализа на еколошките проблеми, учениците стекнуваат знаења кои ги мотивираат да преземат конкретни чекори за зачувување на природата.

Гимназиското образование исто така поддржува активно учество на учениците во еколошки проекти и иницијативи, како што се акции за садење дрвја, чистење на животната средина, селектирање отпад и поддршка на локални кампањи за зачувување на природата. Ваквите активности ја развиваат нивната еколошка свест и ги охрабруваат да бидат дел од решенијата за заштита на животната средина.

Поддршката за заштита на животната средина е видлива и преку меѓупредметното учење, каде темите за одржлив развој се интегрираат и во предметите од општествените области. Овој пристап им овозможува на учениците да ги поврзат еколошките теми со пошироки општествени и економски аспекти, што дополнително ја зголемува нивната свест и ангажираност. Преку истражувачки проекти и дискусии, тие се охрабруваат да ја ценат природата и да ја разберат нејзината клучна улога во одржливиот развој, како и да развиваат креативни решенија за глобалните еколошки предизвици.

Со ваквиот сеопфатен пристап, гимназиите активно ја поддржуваат заштитата на животната средина и ги подготвуваат учениците да станат одговорни граѓани кои ќе придонесуваат кон одржливиот развој и зачувувањето на природата.

### Резиме на клучните придобивки од почитување на начелата за квалитетно гимназиско образование

**1. Целосен развој на ученикот:**

- Развој на критичко размислување, интелектуални способности и аналитички пристап.
- Поддршка на емоционалниот и социјалниот развој преку вклучување во групни активности и проекти.
- Поттикнување физичка активност, здрав живот и тимска работа.
- Развивање морални и етички вредности за одговорно и инклузивно општество.

**2. Развој на културниот и националниот идентитет:**

- Поттикнување чувство на гордост и припадност кон сопствената културна заедница.
- Промовирање интеркултурна соработка и меѓусебна почит меѓу различни етнички групи.
- Јакнење на националниот идентитет преку познавање на историјата, симболите и културното наследство на Република Северна Македонија.

**3. Подготовка за одговорно граѓанство:**

- Поттикнување инклузивност и еднакви можности за сите ученици.
- Развој на свест за демократски вредности, човекови права и социјална правда.
- Учење преку практични активности, волонтерство и решавање општествени предизвици.

**4. Промовирање заштита на животната средина:**

- Зголемување на свеста за еколошки проблеми преку интеграција на еколошки теми во наставните програми.
- Активно учество во еколошки проекти и иницијативи.
- Развивање одржливи навики и одговорен однос кон природата.

# НАЦИОНАЛНА РАМКА НА КЛУЧНИТЕ КОМПЕТЕНЦИИ ЗА ГИМНАЗИСКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Националната рамка се базира на Компасот за учење на ОЕЦД 2030 (OECD Learning Compass 2030)[1] со кој се трасира иднината на образованието во Европа воопшто и се поставуваат насоките како образованието да овозможи да се постигне крајната цел - индивидуална и колективна благосостојба на луѓето и општеството. При тоа, дефинираните компетенции во Компасот за знаењата, вештините, ставовите и вредностите се прилагодени на контекстот на средното образование во нашата земја и се наведени во Националната рамка како излезни резултати од средното образование. Со други зборови, во Националнат рамка се опфатени знаењата, вештините, ставовите и вредностите кои средношколците од Република Северна Македонија треба да ги стекнат во текот на средното образование за да дејствуваат на кохерентен и одговорен начин во натамошното образование и во животот воопшто.

## Знаења

Знаењето опфаќа научно засновани факти, концепти, идеи и теории за одредени аспекти на животот и светот. При тоа се разликуваат четири типови на знаење: дисциплинарно, интердисциплинарно, епистемичко и процедурно. , во кои се вклучени како теоретски сознанија, така и практично разбирање стекнато преку искуство во реализирање на одредени активности/задачи (Табела 1).

*Дисциплинарното знаење* се однесува на специфично знаење што се стекнува преку совладување на содржините од наставните предмети вклучени во средното образование. Ова знаење ги вклучува поимите, теориите, методите и фактите кои го формираат јадрото на секоја од застапените дисциплини, за кои се очекува да бидат усвоени со разбирање. Тоа значи дека учениците не треба само да ја меморираат терминологијата во вид на факти, туку и да го разберат нивното значење и нивната меѓусебна поврзаност. Тоа е основата врз која се гради понапредно знаење и се овозможува поврзување на знаењата од различни области. Дисциплинарното знаење треба да биде применливо во реалниот свет и да им помага на учениците да решаваат конкретни проблеми. Со други зборови, наставата треба да го нагласува практичното значење на дисциплинарното знаење.

*Епистемичкото знаење*, ја надградува основата на дисциплинарното знаење, додавајќи разбирање за тоа како се создава, организира, верификува и применува знаењето во рамките на одделните дисциплини. Епистемичкото знаење оди подлабоко од дисциплинарното – им овозможува на учениците да разберат зошто и како се изучуваат одредени области и кои методи на изучување се користат за да се дојде до релевантни заклучоци. Ваквото знаење им помага на учениците да сфатат зошто учат одредени содржини и како тоа што го учат може да се примени во реалниот свет. Користењето на епистемичките пристапи во различни ситуации ги поттикнува учениците преку истражување да ги продлабочуваат знаења во различни области. Епистемичкото знаење е, всушност, клучно за разбирање како се доаѓа до одредени заклучоци, што е основа за информирано донесување одлуки во личниот и професионалниот живот. Во

[1] OECD Learning Compass 2030 е производ на проектот Иднината на образованието и вештините на ОЕЦД 2030 (OECD Future of Education and Skills 2030 project)
OECD_Learning_Compass_2030_Concept_Note_Series.pdf

светот кој постојано се менува, стекнувањето епистемичко знаење ги подготвува учениците за иднината – им помага да ги разбираат, критички да ги анализират и ефективно да ги користи новите информации за да се приспособи на промените во ситуациите со кои ќе се соочат во секојдневниот живот и на професионално поле. Со други зборови, епистемичкото знаење е од суштинско значење за поттикнување на учениците критички да размислуваат и да истражуваат, што им овозможува не само да го разберат светот туку и да придонесат за негово обликување.

Интердисциплинарното знаење ги поврзува поимите, содржините и методите од различни дисциплини и овозможува поцелосно разбирање на комплексни проблеми и нивно решавање преку интеграција на различни перспективи. Потребата за стекнување интердесциплинарно знаење произлегува од фактот дека многу проблеми во реалноста не можат да се решат со користење на сознанијата и пристапот кои ги нуди само една дисциплина. Кога различни дисциплини се комбинираат, тие создаваат нова вредност и разбирање што не може да се постигне само преку индивидуални дисциплини. Интердисциплинарното знаење е тоа што овозможува подобро справување со прашања кои се однесуваат на глобални, општествени или научни предизвици, каде што не е доволно само еднострано знаење. При стекнувањето на вакво знаење учениците се поттикнати да размислуваат креативно при комбинирање на различни пристапи во решавање на проблемите, и да развијат холистички поглед на светот, што е особено важно за разбирање на сложени и меѓусебно поврзани проблеми. На тој начин учениците стануваат подобро опремени да се справуваат со предизвиците на 21. век кои бараат интегриран и иновативен пристап кон решавање на проблемите.

*Процедуралното знаење* се однесува на разбирањето како се извршуваат одредени активности или задачи преку следење на одредени чекори или постапки. Ова знаење не е само теоретско, туку има силна практична компонента, која е од исклучителна важност за примена во различни контексти. Ова знаење често е поврзано со практичното учење и активностите кои вклучуваат рачно спроведување (пр., ракување со алатки во занаетчиството) или ментално спроведување (пр., користење софтвер за анализа на податоци). Процедуралното знаење не е само за автоматско следење на чекори – вклучува способност за приспособување на процедурите на нови ситуации (пр, кога ќе се научи како се изработува проект по физика, истите чекори може се применат и за проект во биологија). Тоа значи дека процедуралното знаење често бара когнитивно разбирање кое овозможува да се следат, анализираат и подобрат самите процеси,. Со разбирање на процедурите, учениците можат самостојно да учат нови техники и да истражуваат непознати области што е клучно за адаптација на современите работни места и животни предизвици. Процедуралното знаење е практичната страна на учењето, која обезбедува учениците не само да знаат *што* (дисциплинарно знаење) и *зошто* (епистемичко знаење), туку и *како* да го спроведат тоа знаење во конкретни ситуации. Тоа го прави основа за самостојност, иновативност и ефикасност во реалниот свет.

*Табела 1.* Знаењата како компетенции со кои треба да се стекнат учениците до крајот на средното образование

| ЗНАЕЊА | Учениците имаат стекнато знаења што им овозможуваат... | |
|---|---|---|
| ДИСЦИПЛИНАРНИ ЗНАЕЊА | Зн-1 | ... да ги разбираат и применуваат основните концепти што се учат во одделните наставни предмети застапени во наставниот план за средното образование. |
| | Зн-2 | ... да решаваат сложени проблеми користејќи ги основите на научните и технолошките дисциплини. |
| | Зн-3 | ... да анализираат и интерпретираат текстови и податоци за да донесат информирани одлуки. |
| ИНТЕР-ДИСЦИПЛИНАРНИ ЗНАЕЊА | Зн-4 | ... да ги комбинираат сознанијата од различни дисциплини и области за да ги разберат глобалните проблеми. |
| | Зн-5 | ... да развиваат проекти што ги спојуваат знаењата од повеќе дисциплини за да предложат решенија за општествени прашања. |
| ЕПИСТЕМИЧКО ЗНАЕЊЕ | Зн-7 | ... критички да ги оценуваат изворите на информации и да прават разлика меѓу веродостојни информации и дезинформации. |
| | Зн-8 | ... да разбираат како научните методи се користат во различни професии и како тоа придонесува за развивање на концептите во различните дисциплини. |
| МЕТА-КОГНИТИВНО ЗНАЕЊЕ | Зн-9 | ... да поставуваат сопствени цели за учење и да развиваат стратегии за самоконтрола и рефлексија. |
| | Зн-10 | ... до го проценуваат сопствениот напредок и да ги прилагодуваат својот пристап во учењето за да ги постигнат целите. |
| | Зн-11 | ... да го разбираат значењето на самооценувањето и континуираното усовршување во текот на учењето. |

## Вештини

Вештините им овозможуваат на учениците да ги користат своите знаења за да извршуваат одредени задачи, да решаваат проблеми и да се справуваат со различни ситуации. Вештините се алатки за примена на знаењето и се суштински за успешна адаптација во контекст на брзите промени во светот.

Знаењата и вештините се надополнуваат и меѓусебно се зајакнуваат. Тие не се изолирани компетенции –функционираат заеднички за да овозможат не само стекнување сознанија, туку и нивно користење во справување со комплексни задачи, адаптирање во различни контексти и разбирање на светот околу нас. Знаењето ги обезбедува теоретската основа и разбирањето кои се неопходни за примена на вештините. Вештините се тие кои ја овозможуваат практичната примена на стекнатото знаење во различни контексти. При тоа, со развивање на вештините, повратно се придонесува и за продлабочување на знаењето.

*Табела 2.* Вештините како компетенции со кои треба да се стекнат учениците до крајот на средното образование

| ВЕШТИНИ | Учениците имаат стекнато вештини што им овозможуваат... | |
|---|---|---|
| КОГНИТИВНИ ВЕШТИНИ | Вш-1 | ... да анализираат и вреднуваат информации од различни извори и да формулираат логички аргументи. |
| | Вш-2 | ... да нудат иновативни решенија за сложени проблеми. |
| | Вш-3 | ... да генерираат нови идеи, да размислуваат надвор од рамката и да применуваат креативни пристапи за решавање прашања од реалниот свет. |
| | Вш-4 | ... ефективно и одговорно да се движат во дигиталниот простор, критички да ги оценуваат информациите на интернет и да применуваат дигитални алатки во академски и лични контексти. |
| ЛИЧНИ И СОЦИЈАЛНО-ЕМОЦИОНАЛНИ ВЕШТИНИ | Вш-5 | ... да ги надминуваат предизвиците, да се справуваат со стресни ситуации, да се прилагодуваат на променливите околности и да истраат во работата кон целите и да учат од неуспесите. |
| | Вш-6 | ... праведно и етички да одлучуваат и одговорно да се однесуваат, почитувајќи ги моралните норми |
| | Вш-7 | ... да се грижат за своето физичко и ментално здравје преку водење здрав начин на живот и управување со стресот. |
| | Вш-8 | ... да покажуваат разбирање и почитување на емоциите и перспективите на другите. |
| | Вш-9 | ... активно да се вклучуваат во тимска работа и ефективно да соработуваат со други при изведување на групни задачи и остварување на заеднички цели. |
| | Вш-10 | ... јасно да ги артикулираат идеите, да слушаат активно и да се вклучуваат во дијалог со почитување на другите и со приспособување на сопствениот стил на комуникација на различни контексти. |
| ФИЗИЧКИ И ПРАКТИЧНИ ВЕШТИНИ | Вш-11 | ... да применуваат здрави рутини за редовна физичка активност што јас подобрува нивната издржливост, сила и рамнотежа |
| | Вш-12 | ... ефикасно да управуваат со времето, парите и материјалните ресурси. |
| | Вш-13 | ... да носат информирани финансиски одлуки, да управуваат со буџети и да практикуваат штедење и инвестирање за задоволување на идни потреби. |
| | Вш-14 | ... да ги идентификуваат можностите за иновации, да преземаат иницијатива и да применуваат стратегии за управување со ризик во личен или деловен контекст. |
| | Вш-15 | ... ефикасно и безбедно да користат алатки и технологии во практични ситуации од секојдневниот живот и во кариерата. |

Во рамки на вештините се прави разликаа меѓу три вида компетенции: когнитивни вештини (оспособеност за размислување, анализирање, решавање проблеми и креативност), лични и социјално-емоционални вештини (оспособеност за саморегулација, комуникација, соработка, емпатија, управување со емоциите и со односите со другите) и физички и практични вештини (моторни, технички, технолошки и функционални способности). Сите три вида вештини претставуваат интегриран сет на способности кои им овозможуваат на учениците да станат компетентни, адаптивни и одговорни граѓани (Табела 2).

Вештините се применливи во различни контексти и ситуации, што значи дека, еднаш кога ќе се стекнат, можат да се користат во учењето, работата и секојдневниот живот. Меѓу нив има и таканаречени трансферзални вештини, какви што се комуникацијата и критичкото мислење, кои се корисни за најширок спектар на задачи и професии. Меѓутоа, на вештините не треба да се гледа како на фиксни компетенции, туку како на предмет на доживотно учење. Неминовната промена на контекстите ја наметнува потребата од континуирано надоградување и ажурирање на вештините што се усвојуваат во средното образование.

Во процесот на учење, вештините се развиваат преку искуство и активна примена на стекнатите знаења. Искуственото учење кое е во основата на развивањето вештини, бара учениците да учествуваат во активности кои им овозможуваат да ги применуваат вештините во реални ситуации. При тоа, развивањето на вештините не се случува преку нивна примена на знаењата од една област, односно од еден предмет. Напротив, скоро сите вештини се стекнуваат преку активности што се одвиваат на часови од различни предмети (пр., комуникациските вештини се развиваат на часовите по јазик и литература, но и преку проектна работа во природните или општествените науки).

Образовниот процес треба да обезбеди баланс меѓу знаењата и вештините, односно меѓу теоријата и практиката, Доколку образованието се фокусира само на стекнување знаење, а го занемари развојот на вештини, учениците можат да имаат потешкотии во примената на знаењето. Од друга страна, ако се фокусира само на вештини, може да се изгуби длабочината на разбирањето. Затоа, образовниот систем треба да поттикнува интегрирано учење, каде што знаењето и вештините се развиваат истовремено, преку проекти, истражувања и решавање реални проблеми.

## Вредности и ставови

*Вредностите* се длабоко вкоренети верувања кои ги одразуваат принципите и идеалите што се сметаат за важни и значајни. Често се поврзани со културата, религијата и општествените норми, што ги прави релативно стабилни. Вредностите ја дефинираат разликата помеѓу тоа што се смета за „правилно“ и „погрешно“ поради што влијаат на однесувањето на луѓето во текот на целиот живот. Пример за вредности се: чесност, почит, правичност, одржливост, слобода, еднаквост и социјална правда. Во реалноста, поединецот кој лично верува во важноста на чесноста ќе ги следи и општествените закони што ја поттикнуваат транспарентноста и ја спречуваат корупцијата.

*Ставовите* се индивидуални преференции, верувања или тенденции кои директно влијаат на реакциите и одлуките на поединците во конкретни ситуации. Тие се посубјективни и пофлексибилни од вредностите затоа што зависат од личното искуство, знаењето и контекстот.

Такви, на пример, се: ставот за важноста на тимската работа, ставот кон развојот на вештачката интелигенција (позитивен или негативен), ставот во врска со глобалното затоплување.

Вредностите ги формираат основите врз кои се развиваат ставовите. Вредностите ја насочуваат примената на ставовите затоа што го определуваат контекстот во кој се применуваат ставовите. Така на пример, ученик кој ја вреднува еднаквоста развива позитивен ставо кон прифаќање на различностите. Ставовите може директно да ги одразуваат вредностите, но може и да се разликуваат од нив, особено кога поединецот е изложен на нови искуства или информации. Со други зборови, вредностите се трајни водилки за етичко однесување и одлучување, додека ставовите се релативно променливи ориентации кои влијаат на секојдневното однесување. Сепак, и вредностите и ставовите играат клучна улога во подготовката на учениците да станат одговорни граѓани, способни да се прилагодат на новите околности на соодветен начин.

Врската меѓу знаењата, вештините, вредностите и ставовите е комплексна и взаемно условена. Овие четири вида компетенции се меѓусебно поврзани и заедно го поттикнуваат личниот, професионалниот и социјалниот развој на учениците. Од една страна, вредностите и ставовите ги насочуваат знаењата и вештините на тој начин што го обликуваат начинот на кој учениците ги стекнуваат и применуваат знаењата и вештините. Така на пример, учениците со позитивен став кон соработката ќе ги користат своите вештини за тимска работа во насока на остварување на заедничките цели, а не за извлекување лична корист. Од друга страна, знаењата и вештините ја поддржуваат примената на вредностите и ставовите така што им помагаат на учениците да ги изразат своите вредности/ставови во пракса. Така на пример, ученик кој ја цени правдата ќе ги користи своите когнитивни вештини да ја процени правичноста на одредени правила или политики. Со оглед на тоа што вредностите обезбедуваат основа за етичко размислување и дејствување, тие се главен мотиватор за користење на стекнатите знаења и вештини на начин што е во согласност со личните и општествените морални стандарди. Истовремено, ставовите влијаат на мотивацијата и пристапот кон учење и решавање проблеми, па така, позитивните ставови, како љубопитноста и отвореноста, го зголемуваат интересот за учење и го поттикнуваат стекнувањето нови знаења и развивањето нови вештини. Но влијанието оди и во обратен правец, па знаењата, кои ја создаваат основата за информираност и критичко размислување, ги поддржуваат учениците во разбирањето на контекстот во кој треба да се применат нивните вредности и ставови, а вештините ја овозможуваат примената на знаењата и вредностите во практиката. Од тука произлегува дека вредностите и ставовите ја насочуваат примената на знаењата и вештините, додека знаењата и вештините ја обезбедуваат основата и алатките за практична примена на вредностите и ставовите. Оваа интеракција е суштинска за развивање на учениците како свесни, одговорни и ангажирани граѓани.

Во текот на образовниот процес, вредностите се развиваат преку изучување на наставни содржини кои ги поттикнуваат учениците да размислуваат за различните вредности, преку учество во дискусии и групни активности кои овозможуваат преиспитување и прифаќање на вредностите, преку посматрање на однесувањето на наставниците кое им служи како пример, како и преку ангажирање во волонтерски активности и друг вид општествено корисна работа која им овозможува да практикуваат и проценуваат различни вредности. Ставовите се развиваат преку изложување на учениците на различни перспективи (на пр., учество во дебати и дискусии за контроверзни прашања, односно изложеност на различни идеи, религии и култури), преку личните и социјалните искуства што ги доживуваат (како што се практичните искуства со групната работа и општествено корисните активности), како и преку повратните информации што ги

добиваат од врсниците и наставниците за тоа како нивните ставови влијаат врз однесувањето. Како заклучок, развојот на вредностите и ставовите е динамичен процес кој бара постојана поддршка од наставниците и заедницата, се обезбедува преку комбинација на формалното образование, социјалните интеракции и искуственото учење и служи како основа за етичко, емпатично и одговорно однесување како во личниот, така и во професионалниот живот.

*Табела 3.* Вредностите и ставовите како компетенции со кои треба да се стекнат учениците до крајот на средното образование

| ВРЕДНОСТИ и СТАВОВИ | Учениците имаат прифатено вредности и ставови што ги поттикнуваат... | |
|---|---|---|
| ПОЧИТУВАЊЕ РАЗЛИЧНОСТИ, ПРАВЕДНОСТ И ЕДНАКВОСТ | ВС-1 | ... да покажуваат отвореност и почит кон различни култури, верувања и перспективи. |
| | ВС-2 | ... да учествуваат во дискусии и активности кои промовираат инклузивност во различни средини. |
| | ВС-5 | ... да се залагаат за праведност во секојдневните интеракции и во политиките и правичен третман на сите, без оглед на нивната позадина, способности или други карактеристики. |
| | ВС-6 | ... да поддржуваат системи што обезбедуваат еднаков пристап до можности и заштита на човековите права. |
| ГЛОБАЛНА ОДГОВОРНОСТ И ОДРЖЛИВОСТ | ВС-3 | ... да демонстрираат свесност и одговорност кон глобалните прашања какви што се климатските промени, нееднаквоста и сиромаштијата |
| | ВС-4 | ... да придонесуваат кон покренување и реализирање иницијативи што решаваат глобални предизвици и промовираат глобална благосостојба. |
| | ВС-7 | ... да ги интегрираат принципите на одржливост при донесувањето одлуки, земајќи ги предвид последиците од нивните активности врз околината и општеството. |
| | ВС-8 | ... да промовираат практики што придонесуваат за одржлив развој и одговорно управување со ресурсите. |
| ОТВОРЕНОСТ И ФЛЕКСИБИЛНОСТ | ВС-9 | ... да демонстрираат отвореност кон нови концепти, методи и информации и да ги разгледуваат проблемите од различни перспективи |
| | ВС-10 | ... да демонстрираат подготвеност за соработка со различни културни и социјални групи во различни околности |
| ИНИЦИЈАТИВНОСТ, УПОРНОСТ И ИСТРАЈНОСТ | ВС-11 | ... да преземаат иницијатива при планирање активности за учење и да демонстрираат дека можат самите да се организираат за нивно спроведување |
| | ВС-12 | ... да останат упорни во решавање на проблемите и постигнување на целите, дури и кога се соочуваат со предизвици и неуспеси. |
| | ВС-13 | ... да се стремат кон надминување на бариерите во учењето и да бидат истрајни кога ќе се соочат со сложени ситуации. |

## Имплементација на Рамката во гимназиското образование

Националната рамка на клучните компетенции за учениците во средното образование во Република Северна Македонија претставува темел за развој на идни генерации подготвени да се справат со комплексните предизвици на современото општество. Овој документ ги насочува учениците кон стекнување не само на темелни академски знаења, туку и на вештини, вредности и ставови кои ги формираат како самостојни, општествено одговорни и глобално активни граѓани. Овие компетенции ги подготвуваат да бидат активни учесници во глобалниот свет, со фокус на иновации, одржливост и правичност.

За да се обезбеди целосна интеграција и усвојување на овие клучни компетенции, тие треба да бидат вградени во сите аспекти на училишниот живот– не само во наставните програми, туку и во вонnаставните активности, програмите за личен и социјален развој, и во целиот живот и етос на училиштето. Наставните програми се изработени на начин што ја поттикнува интердисциплинарноста, стекнувањето практични вештини и примена на знаењата, преку активности како проектна работа, решавање проблеми, тимска соработка и критичко размислување. Воннаставните активности (клубови, волонтерски акции, спортови итн), создаваат можности за развивање на социјалните и емоционалните вештини, додека преку општествено корисната работа се поттикнува усвојување на вредности како соработка, емпатија и лидерство.

Целокупниот етос на училиштето треба да биде изграден врз основа на овие компетенции, промовирајќи култура на инклузивност, правичност, одговорност и етичко однесување. Во ваквата атмосфера учениците се третираат како активни учесници во носењето одлуки преку демократски структури, како што се класните заедници и ученичките совети, кои ги охрабруваат да преземаат одговорност за животот во училиштето и заедницата. Училиштата треба да работат на создавање средини во која се почитуваат различностите, каде што учениците се поттикнати да учат од своите грешки и да развиваат отпорност и истрајност во постигнување на своите цели.

Со примена на ваков холистички пристап, училиштата обезбедуваат компетенциите да бидат практично применливи во секој аспект од животот на учениците. На овој начин, образованието во Република Северна Македонија ја исполнува својата мисија – да создаде генерации подготвени за иднината, способни критички да размислуваат, одговорно да делуваат и активно да придонесуваат за општествениот напредок.

# НАСТАВЕН ПЛАН

Наставниот план за гимназиско образование овозможува сеопфатен развој на учениците преку изучување задолжителни предмети, изборни предмети и организирани воннаставни активности. Наставниот план нуди можност за стекнување знаења и вештини и развивање ставови и вредности, од различни области, вклучувајќи јазици, природни и општествени науки, уметности, спорт и технологија. Таквата структура на наставниот план обезбедува целосен личен, социјален и академски развој преку поттикнување на учениците да се запознаат со широк спектар на дисциплини и да развијат интереси и компетенции кои ќе ги подготват за понатамошно образование и животот.

**Задолжителните предмети** претставуваат основа на гимназиското образование и обезбедуваат широк опфат на знаења од различни образовни области. Преку изучување на овие предмети, учениците стекнуваат темелни знаења и компетенции од областа на природните науки, општествените науки, хуманистичките дисциплини и уметностите, што претставува основа за личен развој, понатамошно академско образование и активно учество во современото општество.

Во сите четири години од гимназиското образование задолжително се изучуваат предметите: Македонски јазик и литература, односно Албански, Турски или Српски јазик и литература, Математика, Англиски јазик, Втор странски јазик и Спорт. Овие предмети обезбедуваат континуитет во развојот на јазичните, математичките, комуникациските и психофизичките компетенции на учениците.

Предметот Историја е задолжителен во текот на три години од гимназиското образование, при што учениците стекнуваат систематизирани знаења за историските процеси и развојот на општеството. Предметите Географија, Биологија, Хемија, Физика и Информатика се задолжителни во првите две години, со цел учениците да изградат основни знаења од областа на природните науки и дигиталната писменост.

Ликовна уметност и Музичка уметност се задолжителни предмети во првите две години од гимназиското образование, со што се поттикнува естетскиот развој, креативноста и културната писменост на учениците. Предметот Социологија се изучува како задолжителен предмет во втора година, додека предметот Филозофија се реализира како задолжителен во четврта година.

Дополнително, учениците кои не ја следат наставата на македонски јазик, задолжително го изучуваат предметот Македонски јазик и литература во текот на сите четири години. На овој начин се обезбедува јазична интеграција и развој на комуникациски компетенции неопходни за понатамошно образование и активно учество во општествениот живот.

**Изборните предмети** се реализираат во трета и четврта година од гимназиското образование и овозможуваат продлабочување на знаењата, како и индивидуализација на образовниот пат на учениците. Во наставниот план се предвидени два вида изборни предмети: изборни предмети што се учат две години и изборни предмети што се учат една година.

Изборните предмети што се учат две години се организирани во три изборни групи (блокови), при што секој ученик избира по еден предмет од секоја група. На тој начин, секој ученик избира

вкупно три двегодишни изборни предмети, кои ги изучува континуирано во трета и четврта година. Овој начин на избор овозможува балансирано комбинирање на различни области на знаење и непречена организација на наставниот процес. Во групата на двегодишни изборни предмети се вклучени: Биологија, Географија, Хемија, Физика, Психологија и Логика и етика, при што предметите од областа на филозофијата се застапени преку Логика и етика како посебен изборен предмет.

Двегодишните изборни предмети овозможуваат продлабочено изучување на наставни содржини и развој на повисоки когнитивни и истражувачки вештини. Дел од овие предмети се надоврзуваат на знаења стекнати во првите две години, но во третата и четвртата година се реализираат на повисоко и поаналитичко ниво, со што учениците се подготвуваат за понатамошно академско образование и професионално насочување.

Едногодишните изборни предмети се организирани во две изборни групи во трета година и две изборни групи во четврта година. Во секоја учебна година, секој ученик избира два едногодишни изборни предмети, по еден од секоја изборна група. Во трета година како едногодишни изборни предмети се реализираат: Програмирање, Социологија, Економија и Латински јазик и класична култура, додека во четврта година се реализираат: Напредна математика, Право, Бизнис и претприемништво и Историја.

Дел од едногодишните изборни предмети (како Социологија, Историја, Програмирање, Напредна математика) овозможуваат продлабочено изучување на теми од предмети и/или дисциплини што во претходните години биле застапени како задолжителни. Во оваа група предмети се нудат и такви (како Економија и Право) што се дизајнирани како воведни, но и такви кои, освен што се воведуваат како нови нудат и интердисциплинарен пристап. Така на пример, предметот Латински јазик и класична култура ги интегрира јазичните знаења со античкото културно и историско наследство.

Со воведувањето на изборните предмети се овозможува поголема флексибилност и индивидуализација на наставата, при што секој ученик го оформува сопствениот образовен профил во согласност со своите интереси, способности и идни образовни планови. За да се обезбеди информиран и соодветен избор, учениците добиваат поддршка преку кариерно советување и стручна помош од наставниот и стручниот тим на училиштето.

Освен тоа, училиштето е задолжено да понуди и таканаречени **Слободните изборни предмети** што се реализираат во вид на работилници или проектни активности. Слободните изборни предмети треба да бидат од различни области (како: ментално здравје и добросостојба, здравствено и сексуално образование, вештачка интелигенција, ненасилна комуникација и разрешување конфликти, реторика, иновации и финансиска култура, како и од областа на уметностите и културата (музичка и визуелна уметност), со цел да обезбедат практични знаења и животни вештини кои ги надополнуваат општообразовните содржини на гимназиското образование и да им овозможат на учениците да стекнат компетенции што ќе им помогнат да се справат со современите предизвици и да се подготват за активно учество во општеството. Секој ученик избира два предмета секоја учебна година (по еден во секое полугодие), што значи дека до завршувањето на гимназиското образование изучува осум слободни изборни предмети. Кои предмети во која година ќе ги избере зависи од самиот ученик.

Според наставниот план, учениците учествуваат во **општествено корисна работа** (36 часа годишно), со цел да развијат свесност за заедницата и одговорноста кон општеството. Преку

овие активности, учениците стекнуваат емпатија и учат како да придонесат за заедницата. Дополнително, училиштата се обврзани да организираат **клубови и друг вид воннаставни активности** како: (1) училиштен хор или оркестар/бенд, (2) училиштен театар, (3) спортски клубови и (4) клубови за визуелни уметности. Училиштето ги стимулира учениците да учествуваат во овие активности со цел да се поттикне креативноста, тимската работа и личниот развој.

**Резиме на клучните придобивки од наставниот план за гимназиско образование:**

- **Сеопфатен развој**: Стекнување знаења, вештини и ставови преку задолжителни и изборни предмети, како и воннаставни активности.
- **Индивидуализација на наставата**: Можност за учениците да го оформат својот образовен профил преку избор на предмети според сопствените интереси.
- **Практични животни вештини**: Развој на лична одговорност, критичко размислување и свесност за општествени теми преку слободни изборни предмети.
- **Општествено корисна работа**: Поттикнување свесност за заедницата и одговорност кон општеството преку задолжителни активности.
- **Креативност и тимска работа**: Поттикнување на личниот развој преку учество во клубови за уметност, спорт, театар и музика.

## Наставен план за гимназиско образование

| | Наставни предмети | I година | | II година | | III година | | IV година | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | нед. | год. | нед. | год. | нед. | год. | нед. | год. |
| **Задолжителни предмети** | | | | | | | | | |
| 1. | Македонски јазик и литература/ Албански јазик и литература/ Турски јазик и литература/ Српски јазик и литература | 4 | 144 | 4 | 144 | 4 | 144 | 4 | 132 |
| | Македонски јазик и литература за учениците од другите заедници | 2 | 72 | 2 | 72 | 2 | 72 | 2 | 66 |
| 2. | Математика | 3 | 108 | 3 | 108 | 3 | 108 | 3 | 99 |
| 3. | Англиски јазик | 3 | 108 | 3 | 108 | 3 | 108 | 3 | 99 |
| 4. | Втор странски јазик | 2 | 72 | 2 | 72 | 2 | 72 | 2 | 66 |
| 5. | Информатика | 2 | 72 | 2 | 72 | | | | |
| 6. | Историја | 2 | 72 | 2 | 72 | 2 | 72 | | |
| 7. | Географија | 2 | 72 | 2 | 72 | | | | |
| 8. | Биологија | 2 | 72 | 2 | 72 | | | | |
| 9. | Хемија | 2 | 72 | 2 | 72 | | | | |
| 10. | Физика | 2 | 72 | 2 | 72 | | | | |
| 11. | Филозофија | | | | | | | 3 | 99 |
| 12. | Социологија | | | 2 | 72 | | | | |
| 13. | Ликовна уметност | 2 | 36 | 1 | 36 | | | | |
| 14. | Музичка уметност | 1 | 36 | 2 | 72 | | | | |
| 15. | Спорт | 2 | 72 | 2 | 72 | 2 | 72 | 2 | 66 |
| **Изборни предмети[2]** | | | | | | | | | |

[2] Изборот на изборни предмети се врши по блокови, при што ученикот избира по еден предмет од секој блок, со цел да се обезбеди непречено организирање и реализирање на наставата.

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Изборни предмети што се учат 2 години** [3] | | | | | | | | | |
| 1. | Биологија | | | | | 2 | 72 | 2 | 66 |
| 1. | Географија | | | | | 2 | 72 | 2 | 66 |
| 2. | Хемија | | | | | 2 | 72 | 2 | 66 |
| 2. | Логика и етика | | | | | 2 | 72 | 2 | 66 |
| 3. | Физика | | | | | 2 | 72 | 2 | 66 |
| 3. | Психологија | | | | | 2 | 72 | 2 | 66 |
| **Изборни предмети што се учат 1 година** [4] | | | | | | | | | |
| 1. | Програмирање | | | | | 3 | 108 | | |
| 1 | Социологија | | | | | 3 | 108 | | |
| 2. | Економија | | | | | 3 | 108 | | |
| 2. | Латински јазик и класична култура | | | | | 3 | 108 | | |
| 1. | Напредна математика | | | | | | | 3 | 99 |
| 1. | Право | | | | | | | 3 | 99 |
| 2. | Бизнис и претприемништво | | | | | | | 3 | 99 |
| 2. | Историја | | | | | | | 3 | 99 |
| | Вкупно часови (задолжителни и изборни предмети) | 29 (31) | | 31 (33) | | 30 (32) | | 31 (33) | |
| | Вкупен број предмети | | | | | | | | |
| **Други активности** | | | | | | | | | |
| | Слободен изборен предмет[5] | 2 | 72 | 2 | 72 | 2 | 72 | 2 | 66 |
| | Општествено корисна работа[6] | | 36 | | 36 | | 36 | | 36 |
| | Класен час/Ученичко организирање | 1 | 36 | 1 | 36 | 1 | 36 | 1 | 33 |
| | Воннаставни активности[7] | 2 | 72 | 2 | 72 | 2 | 72 | 2 | 66 |

[3] Секој ученик избира три изборни предмети што се учат две години, при што избира по еден предмет од секој од трите утврдени изборни блока.

[4] Секој ученик, според своите интереси, избира два изборни предмети што се учат една година и тоа, по еден предмет од секој од двата изборни блока во III, односно во IV година.

[5] Ученикот избира по два слободни изборни предмети во текот на една учебна година – по еден во секое полугодие. Секоја учебна година ученикот избира различни слободни изборни предмети..

[6] Секој ученик е обврзан да учествува во општествено корисни активности со вкупно 36 саати годишно. Овие активности имаат за цел да ја развијат свеста за заедницата, одговорноста кон општеството и емпатијата кај учениците. Преку ваквиот ангажман, учениците учат како да придонесуваат за доброто на заедницата, што е важно за нивниот личен развој и граѓанска одговорност.

[7] Секое училиште мора да организира: училиштен хор и/или училиштен оркестар/бенд, училиштен театар, училишни спортски клубови, ликовен/мултимедијален клуб.

# НАСТАВНИ ПРОГРАМИ

Наставните програми за задолжителните предмети, за изборните предмети и за слободните изборни предмети се изготвени на национално ниво од страна на стручни тимови. За воннаставните активности и за општествено корисната работа, на национално ниво се изготвуваат насоки за нивно планирање, организирање и реализација, а самите програми ги изработуваат наставниците во училиштата.

Наставните програми за гимназиско образование се фокусираат на развојот на компетенции преку внимателно осмислени теми, резултати од учење, содржини, стандарди за оценување и активности.

## Теми/Подрачја

Секој наставен предмет се изучува преку теми, односно подрачја. Темите и подрачјата се именувани различно за да ја одразат нивната улога во наставната програма. Предметите кои се засноваат на концепти и факти (на пр. природни науки) ја користат темата како основна единица, додека предметите кои развиваат интегративни и континуирани вештини (на пр. мајчин јазик) го користат подрачјето како основна рамка.

*Темите* се дефинираат за предмети кои бараат, фокусирано, постапно проучување на специфични концепти кои можат да се обработат и да се оценат во пократок временски период. Тие се ограничени, конкретни аспекти на предметот кои се изучуваат како посебни целини кои може да бидат независни една од друга или да се надоврзуваат една на друга. Предмети како што се природните науки (Хемија, Биологија, Физика) или општествените и хуманистичките науки (Географија, Историја) обично се фокусираат на теми затоа што знаењето во нив се организира во јасно дефинирани единици кои овозможуваат учениците да ги истражуваат концептите суштински, но во точно определен временски период.

*Подрачјата* се пошироки области со повеќе различни содржини кои бараат континуиирано, поврзано и подолгорочно изучување. Знаењата, вештините и ставовите/вредностите што треба да се стекнат во рамки на подрачјето се поврзуваат не само меѓусебно, туку и со содржините од други подрачја, овозможувајќи интегрирано и долгорочно усвојување. Ова осигурува дека стекнатото знаење не останува ограничено само на една тема, туку се применува и надградува континуирано во текот на изучување на предметот. Во наставните предмети како Македонски јазик и литература/Албански јазик и литература/Турски јазик и литература/Српски јазик и литература основните знаења и вештини се стекнуваат преку совладување на одделни наставни единици, но нивното усвојување се одвива континуирано и во меѓусебна поврзаност со други единици од истото и од другите подрачја (на пр. граматиката е постојано присутна, без оглед на специфичната содржина). На пример, тема во Хемија би била „Кинетика на хемиските реакции“, а подрачје во Македонски/Албански/Турски/Српски јазик и литература - „Медиумска писменост“.

## Содржини и поими

Содржините ја определуваат структурата на темата/подрачјето. Тие претставуваат рамка за тоа кои знаења (информации) треба учениците да ги стекнат. Секоја тема/подрачје вклучува најмалку две наставни содржини.

Во рамки на содржините се наведени поимите кои се клучни за усвојување на наставната содржина. Се очекува учениците да ги разберат наведените поими за да може да го применуваат знаењето од дадената содржина во различни контексти во текот на учењето.

## Резултати од учење

За секоја тема/подрачје се наведуваат резултати од учење кои се дефинирани во вид на глобални постигнувања што произлегуваа од изучувањето на темата/подрачјето. Тие може да се однесуваат на знаењата и вештините што се подетално објаснети преку стандардите за оценување и на вредностите и ставовите што се очекува учениците да ги усвојат при изучување на темата/подрачјето. Резултати од учењето што ги содржат знаењата и вештините се директно мерливи преку стандардите за оценување и нивното постигнување се одразува врз оценката. Од друга страна, постигнувањето на резултатите од учењето што се однесуваат на ставовите и вредностите е долгорочен и постепен процес кој не може да се мери непосредно, туку се следи низ континуирано учење преку примена на активности кои го поттикнуваат и поддржуваат нивниот развој.

## Стандарди за оценување

Стандардите за оценување се конкретни резултати од учење кои ги операционализираат знаењата и вештините определени со резултатите од учење. Всушност, стандардите за оценување се дефинираат како мерливи резултати од учењето кои имплицитно укажуваат на начинот на кој може да се провери дали е постигнат очекуваниот резултат. Тие се дефинираат на најмалку четири нивоа на когнитивни постигања на учениците, согласно Блумовата таксономија (познавање, сфаќање, примена и анализа/евалуација/креирање).

Стандардите за оценување, им помагаат на наставниците во определување/оформување на критериуми за оценување, поради што придонесуваат за поголема објективност и транспарентност во оценувањето.

## Активности

Во наставната програма за секоја тема/подрачје се наведуваат примери на различна активности кои овозможуваат искуствено учење. Активностите можат да бидат од типот на индивидуални задачи, дискусии, вежби, дебати, експерименти, проекти, истражувања или друг тип на активност карактеристична за дадениот наставен предмет. Наведените примери на активности произлегуваат од одделни стандарди за оценување и се наменети за нивно постигнување. Истовремено служат и како модел за организирање на наставата – им даваат насоки на наставниците како да креираат активности за реализација на сите предвидени стандарди за оценување. При тоа, наставниците задржуваат слобода да креираат разновидни активности и наставни материјали кои ќе им овозможат да ја прилагодат наставата на потребите на нивните ученици, сè со цел да го обезбедат нивото на знаења/вештини поставени со стандардите за оценување. При тоа е важно активностите да се во согласност со ставовите/вредностите определени со резултатите од учењето.

**Резиме на клучните придобивки од наставните програми предвидени со концепцијата**

- **Фокус на компетенции**: Развој на знаења, вештини и ставови преку теми, содржини и активности.
- **Јасна структура**: Теми за конкретни концепти и подрачја за долгорочно, интегрирано учење.
- **Објективност во оценувањето**: Стандарди за оценување кои овозможуваат транспарентност и објективност во оценувањето.
- **Искуствено учење**: Вклучување активности како дебати, проекти и истражувања за постигнување на оченуваните резултати од учењето.
- **Флексибилност за наставниците**: Слобода да ги прилагодуваат наставните активности според потребите на учениците.

# ПОУЧУВАЊЕ И УЧЕЊЕ

## Планирање на наставата

Планирањето на наставата е предуслов за квалитетна, навремена, успешна и ефикасна подготовка, организација и реализација на наставниот процес. Се заснова на наставната програма и ги зема предвид карактеристиките на учениците (нивната возраст, предзнаењата, потребите, можностите и способностите) и условите и средствата за работа со кои располага наставникот, т.е. училиштето. При планирањето наставниците ги осмислуваат активностите што ќе ги применуваат за да обезбедат постигнување на предвидените резултати од учењето, ги избираат и/или ги креираат наставните средства што ќе се користат и го определуваат начинот на следење и проверување на постигањата на учениците. Притоа, користат процесно-развојно планирање.

Процесно-развојниот пристап во планирањето ја истакнува вредноста на процесот на учење во стекнување на знаењата и наместо да поттикнува пренесување на знаењата кои се дадени во готова, однапред определена форма, се фокусира на процесот на стекнување на знаењата и на развивање на способноста за учење кај учениците. На знаењето не се гледа како на резултат од активноста на наставникот, туку како на последица од активностите што ги реализираат учениците. Она што ќе прават учениците на часот е далеку поважно од тоа што ќе прави наставникот. Ваквиот пристап нагласува дека успешноста во постигнувањето на резултатите се зголемува доколку планирањето се ориентира на активностите на ученикот во процесот на учење (процесната компонента) и на оспособување на учениците за учење преку откривање на знаењата, а не преку пренесување на знаењата (развојната компонента).

Кога планирањето се базира на процесно-развојниот пристап, се има на ум дека улогата на наставникот не е да им ги претставува на учениците содржините што треба да ги научат, туку да ги става учениците во проблемски ситуации и да ги поттикнува соодветно да реагираат на проблемите. Тоа може да се постигне во средина за учење (физичка и социјална) која ги стимулира учениците активно да се вклучат во наставата - ученикот треба прво да се заинтересира, за да може потоа да се насочи кон она што се очекува да го прави.

Процесно-развојниот пристап во планирањето обезбедува наставата да биде прилагодена на потребите и на можностите на учениците. Наставникот однапред ја планира реализацијата на сите теми/подрачја застапени во наставната програма за неговиот предмет и потоа ја планира реализацијата на секоја тема одделно, односно на различни компоненти од подрачјата. Она што е така испланирано не го смета како нешто фиксно, туку напротив, како флексибилно – остава простор да се менува редоследот на изучување на темите и да се прераспределува времето кое е првично определено за изучување на секоја тема. Флексибилноста се однесува и на конкретните теми, на бројот на часови, на изборот на наставни методи и активности и/или на застапеноста на различни наставни средства кои се предвидени со првичното планирање. Сите или дел од нив може да се променат доколку повеќе ученици од паралелката не успеваат да напредуваат во усвојување на темата според очекувањата на наставникот.

Прилагодувањето во процесно развојното планирање се базира на резултатите од самоевалуацијата која ја прави секој предметен наставник на крајот од наставниот час. Самоевалуацијата е оценка на ефикасноста, ефективноста и одржливоста на севкупните активности за време на часот кои се преземени за да се постигнат предвидените резултати од учењето. Саморефлексијата им овозможува на наставниците да ги согледаат сите потешкотии со кои се соочиле при реализацијата на секој сегмент од наставата (учењето, поучувањето и оценувањето) и сознанијата за тоа да ги земат предвид во планирањето за да обезбедат надминување на евентуалните слабости во наставата. Тоа подразбира промена во наставата кога се работи за тековно усвојување на конкретни наставни содржини и постигање на очекуваните резултати од учењето кај актуелните ученици, но и вградување на стекнатите искуства во планирањето за реализација на наставата за идните ученици.

## Иновативни приоди во наставата

Интерактивната настава подразбира примена на приоди што се базираат на методи на учење и поучување кои обезбедуваат активно учество на учениците преку континуирана интеракција на наставникот со учениците, преку соработка меѓу учениците, преку користење на дигитални/аудиовизуелни средства како посредници, како и преку непосредно ангажирање на учениците во реализација на активностите за време на часот. Освен на интерактивниот пристап, кој треба да продолжи доследно да се применува, современата настава акцентот го става на стратегиите за поучување како што се учењето преку проекти, искуственото учење, креативните активности, аналитичкиот пристап, дискусиите и дебатите.

*Учењето базирано на проекти* е стратегија на поучување која им овозможува на учениците да стекнат продлабочени знаења и да развијат практични вештини преку реализација на апликативни проекти со кои се адресираат предизвици и проблеми од секојдневниот живот. Проектните активности ги ангажираат учениците во решавање проблеми од реалноста или во барање одговор на посложени прашања. Преку нив учениците стекнуваат продлабочени и трајни знаења за одредени наставни содржини, ги развиваат љубопитноста, креативноста и критичкото мислење и ги подобруваат своите комуникациски вештини и вештините за самостојна и за тимска работа. На прпример, во предметите од природните науки, учениците може да истражуваат загадување во локална река преку мерења, анализа на податоци и предлагање решенија, а во Географија може да изработуваат мапа за туристички локалитети со соодветни информации за културни и природни богатства.

*Аналитичките активности,* како што е анализа на сценарија, ситуации, текстови или проблеми, играат значајна улога во наставата. Овие активности ги поттикнуваат учениците да размислуваат критички, да извлекуваат заклучоци и да носат одлуки базирани на аргументи. На пример, во Историја, учениците може да добијат задача да ја анализираат содржината на дадени писма, новинарски написи, постери и фотографии од времето на Втората светска војна, како поддршка на причините и последиците од војната, во Економија, може да се ангажиаат за решавање проблем за управување со ограничени ресурси во фиктивна компанија.

*Креативните активности* ја поттикнуваат имагинацијата и оригиналноста на учениците преку активности како изработка на уметнички проекти, пишување текстови или дизајнирање мултимедијални содржини. Овие активности овозможуваат учениците да ги изразат своите идеи на начин што ги поврзува нивните лични интереси со наставните содржини. На пример, во Ликовна уметност, учениците може да изработат мурал со социјална тематика, во Музичка уметност, може да создадат музичка композиција инспирирана од историски настан, или во Информатика, учениците може да дизајнираат веб-страница за проект за енергетска ефикасност.

*Дискусиита* овозможува размена на идеи и мислења меѓу учениците и ги поттикнува да размислуваат критички, да аргументираат и да изведуваат заклучоци. Овие активности промовираат почитување на различни гледишта и развиваат вештини за активно слушање. На пример, во предметите во кои се учи јазик и литература може да се водат дискусии за различни интерпретации на ликовите во литературано дело, а во Физлозфија може да се дискусија на тема „Што е праведност?“ итн.

*Дебатите* се формални активности каде учениците (најчесто поделени во „спротиставени“ групи) презентираат аргументи за и против одредено прашање/тврдење. Тие овозможуваат развивање на говорничките способности, логичкото размислување и вештините за тимска работа. На пример, во Граѓанско образование може да се реализира дебата за или против смртната казна, во Историја, дебата за тоа дали одредена историска фигура била херој или негативец.

*Практичните активности* ги интегрираат знаењата и вештините кои учениците ги стекнуваат во училницата или надвор од неа. Преку посети на локални институции и уметнички изведби, преку спроведување експерименти или учество во компјутерски симулации, учениците учат стекнувајќи непосредно искуство. На пример, во Биологија, спроведувањето експеримент за испитување на нивото на кислород во водата им помага на учениците да ги поврзат теоретските знаења со реална ситуација.

*Дигиталнате технологија* овозможува користење на интерактивни алатки и ресурси, на пример, за математички симулации или за создавање музика, што ги збогатува методите на поучување и го зголемува интересот на учениците. Преку дигитални алатки се овозможува истовремено користење на различни медиуми, како што се текст, аудио и видео, што ги прави наставните содржини подостапни и покреативни.

Сè поголема примена наоѓа и *вештачката интелигенција (ВИ),* која отвара нови можности за персонализирано и адаптивно учење. ВИ може да се користи за креирање на интерактивни задачи што се прилагодуваат според темпото и стилот на учење на секој ученик, како и за автоматизирана анализа на постигањата и давање насочена повратна информација. На пример, ВИ платформи може да идентификуваат области каде ученикот има потешкотии и да понудат дополнителни материјали или активности. Во наставата, наставниците може да користат ВИ-

алатки за генерирање квизови, симулации, анализи на текстови или визуелизации на податоци, со што се збогатува наставниот процес и се поттикнува поголема ангажираност кај учениците. Покрај тоа, важно е учениците да се обучуваат за свесно и критичко користење на вештачката интелигенција. Преку вклучување на ВИ во редовните активности и проекти, тие ќе развијат дигитална писменост, аналитичко размислување и способност за оценување на содржини генерирани со ВИ. Наставниците, пак, треба да добијат соодветна обука и поддршка за примената на едукативни ВИ алатки и разбирање на етичките аспекти, со цел да ја користат технологијата на продуктивен и одговорен начин. ВИ не треба да ја замени наставната улога, туку да биде алатка која го проширува нејзиниот потенцијал.

**Резиме на клучните придобивки од поучувањето и учењето предвидено со концепцијата**

- **Квалитетно планирање на наставата**: Осмислен пристап што ги зема предвид потребите на учениците и флексибилно се прилагодува на различни ситуации.
- **Иновативни наставни стратегии**: Реализација на интерактивна настава и активно учење преку проекти, аналитички активности, дискусии и дебати.
- **Развој на критичко мислење и практични вештини** преку работа на аналитички задачи и учество во дискусии, дебати и креативни активности.
- **Искуствено учење**: Учениците стекнуваат знаења и вештини преку учество во практични активности и реални ситуации.
- **Интеграција на дигитални технологии**: Примена на современи алатки за побогато и покреативно учење.

# НАСТАВНИ СРЕДСТВА

Наставните средства претставуваат основа за обезбедување квалитетно образование што е современо, интерактивно и ориентирано кон критичко размислување и примена на знаењата во реални ситуации. Во гимназиското образование, наставниците и учениците имаат пристап до различни наставни материјали, дигитални ресурси и помагала кои овозможуваат флексибилност и иновација во наставниот процес. Преку нив, наставниците можат да го прилагодат процесот на поучување според индивидуалните потреби, интереси и стилови на учење на учениците, што е од особена важност за оваа образовна фаза.

Целта на овие средства е да им овозможат на учениците не само да ги стекнат предвидените знаења и вештини од наставната програма, туку и да развијат способности за самостојно истражување, решавање проблеми и применување на наученото во различни контексти. Воедно, тие го поттикнуваат социо-емоционалниот развој на учениците преку креативни, колаборативни и експериментални активности.

## Учебници

Сите задолжителни предмети, како и изборните предмети наменети за продлабочено и почетно изучување, ќе бидат покриени со соодветни учебници кои се во согласност со наставните

програми и стандардите за учење. За овие предмети ќе се обезбедат печатени или дигитални учебници, кои ќе овозможат современ и достапен пристап до знаењата.

Од друга страна, за слободните изборни предмети не се предвидени стандардизирани учебници, туку нивната реализација ќе се поддржи со изработка и користење на различни наставни и дидактички материјали – како што се прирачници, водичи за наставници, презентации, дигитални содржини. Оваа флексибилност овозможува наставниците да ги прилагодат содржините според интересите на учениците и специфичниот контекст на наставата.

Дигиталните учебници интегрираат текст, аудио, видео и анимации, што го прави учењето попривлечна и подинамично. Овие учебници се интерактивни – содржат задачи кои обезбедуваат повратна информација, упатства за дополнителни активности и можности за прилагодување на содржините според индивидуалниот напредок на учениците. Тие не само што ги поддржуваат учениците со различни потреби, туку и го прават учењето достапно и тогаш кога наставата се одвива во училница, но и и во услови кога се случува од далечина.

Учебниците се наменети да служат како поддршка на учениците во процесот на учење, а не како алатка на наставниците за реализација на наставата за време на часовите.

## Опрема

За поуспешна реализација на наставата, училиштата се опремени со помагала кои ги поддржуваат различните наставни активности. Во гимназиите, ова вклучува лабораториска опрема за природни науки, мултимедијални уреди за аудиовизуелни презентации и манипулативни материјали за интерактивно учење.

Освен тоа, гимназиите располагаат со дигитална инфраструктура – компјутери, проектори и интернет – што овозможува користење на едукативни софтвери и дигитални алатки. На пример, учениците можат да користат симулации за експерименти по физика или алатки за визуелизација на математички концепти, како и платформи за тимска работа и проекти.

## Наставни материјали

Наставните материјали служат како поддршка на реализацијата на наставата за време на часот. Наставниците во гимназиското образование имаат слобода да користат готови наставни материјали или да креираат свои, според специфичните потреби на нивните ученици. Се очекува материјалите кои се индивидуално развиени да се споделуваат преку стручните активи и/или дигиталните платформи за да може да им бидат достапни за користење и на други наставници. Тоа овозможува наставниците да ги усовршуваат своите методи на работа и да ги адаптираат според конкретната ситуација во училницата.

## Прирачници за наставниците

Прирачниците за наставниците се дополнителен ресурс кој содржи насоки, идеи и/или примери на активности за реализација на наставата од задолжителните и изборните предмети, како и за реализација на воннаставните активности. Прирачниците ги креираат стручни тимови или наставници, а ги одобрува Бирото за развој на образованието.

**Резиме на клучните придобивки од користење на планираните наставните средства**

- **Современо и интерактивно учење**: Поттикнување на критичко мислење и примена на знаењата во реални ситуации.
- **Флексибилност и иновација**: Прилагодување на наставниот процес според индивидуалните потреби и интереси на учениците.
- **Поддршка за учење од далечина**: Користење интерактивни дигитални учебници и материјали достапни преку интернет.
- **Овозможување на иновативни наставни практики**: Користење на лабораториска опрема, мултимедијални уреди и дигитални алатки.

# ОЦЕНУВАЊЕ

## Оценување како интегрален дел од наставата во гимназиите

Оценувањето претставува суштинска компонента на наставниот процес во гимназиите, која го поддржува учењето на учениците и придонесува за постигнување на очекуваните резултати од учењето. Овој процес не се сведува само на утврдување на знаењата, туку ја има улогата на катализатор кој ја насочува наставата, го мотивира учениците и создава средина која поттикнува успех. Што и како ќе учат учениците во голема мера зависи од тоа што и како оценуваат наставниците, а квалитетното оценување овозможува насочување на поучувањето кон реалните потреби и предизвици на учениците.

Оценувањето во гимназиите не е изолирана активност. Тоа е дел од сите нивоа на планирање – од годишните стратегии на училиштето до дневните планови на наставниците. Институциите воспоставуваат рамки кои ги дефинираат методите, принципите и критериумите за оценување, со цел да се обезбеди правичност, транспарентност и конзистентност на целокупниот процес. Овие политики вклучуваат начини за поддршка на учениците кои се соочуваат со потешкотии, како и стратегии за подобрување врз основа на резултатите од оценувањата, вклучувајќи ги и оние од надворешни тестирања.

Клучниот аспект што го прави оценувањето суштинско за наставата е неговата двојна функција: формативната и сумативната. Формативното оценување се користи за следење на процесот на учење и за давање повратна информација во реално време, што помага да се идентификуваат предизвиците и да се насочат учениците кон подобрување. Од друга страна, сумативното оценување обезбедува проценка на постигнатите резултати, со што се потврдува дали ученикот ги совладал целите на наставата.

Дополнително, оценувањето, вклучително и стандардите за оценување, активностите и задачите преку кои учениците се оценуваат, се усогласени со клучните барања и пристапи на меѓународните тестирања, како што е ПИСА. Ова усогласување овозможува развивање и проверка на компетенции што се релевантни за реалниот живот, како што се: критичко размислување, решавање проблеми, читање со разбирање и функционална примена на знаењата. Со тоа се очекува учениците, не само да бидат подобро подготвени за учество во вакви тестирања, туку и да развиваат вештини применливи во секојдневниот живот и понатамошното образование.

## Формативно оценување како поттик за учење

Формативното оценување претставува континуиран процес кој се спроведува за време на наставата со цел да го поддржи учењето на учениците и да обезбеди подобрување во нивниот напредок. Преку интерактивни активности, како дискусии, квизови и задачи, наставниците собираат информации за тоа како учениците го разбираат материјалот и каде наидуваат на тешкотии. Повратните информации се даваат на конструктивен начин, најчесто со вклучени насоки за подобрување, наменети да ги поттикнат учениците да размислуваат за својот напредок и да ги подобрат своите стратегии за учење.

Интеграцијата на дигиталните алатки во оценувањето дополнително ја унапредува оваа практика на тој начин што овозможува брзо и ефикасно следење на постигнувањата. Најразличните платформи за онлајн квизови, апликациите за анализа на податоци и алатките за игровизација создаваат ангажирачка средина која го прави учењето динамично и мотивирачко. Наставниците ги користат овие технологии за да ги идентификуваат индивидуалните потреби на учениците и да ги прилагодат своите наставни методи. Во овој процес, учениците се охрабруваат активно да учествуваат преку саморефлексија и самооценување, што ја зајакнува нивната автономија и чувство за одговорност.

Формативното оценување значително придонесува за напредокот на постигањата на учениците, бидејќи обезбедува динамичен процес на следење и подобрување на учењето во текот на наставата. Преку редовно следење на нивото на разбирање, наставниците можат брзо да ги идентификуваат предизвиците со кои се соочуваат учениците и навремено да интервенираат. Ова овозможува персонализирана поддршка, која им помага на учениците да ги надминат своите слабости и да ги достигнат своите потенцијали. Ваквиот пристап не само што ги подобрува моменталните академски постигања, туку и ги зајакнува основите за долгорочно учење.

Формативното оценување ја поддржува мотивацијата на учениците преку јасни и конструктивни повратни информации. Овие информации им помагаат на учениците да ги разберат своите грешки како можност за учење, што ја зголемува нивната ангажираност и самодоверба. Дополнително, процесот на самооценување и рефлексија, кој е интегрален дел од формативното оценување, ги подготвува учениците за самостојно учење и ја развива нивната автономија.

Овој пристап е особено ефикасен за учениците кои имаат потреба од дополнителна поддршка, бидејќи помага во намалувањето на јазот во постигањата. Со фокус на разбирање и примена, наместо меморирање, формативното оценување овозможува учениците да развијат подлабоко познавање и вештини кои се неопходни за решавање на сложени проблеми и постигнување високи резултати на завршните тестови.

Со оглед на тоа дека овозможува подобрување на индивидуалните резултати на учениците и поддршка на нивните критички способности, формативното оценување претставува основа за ефективна и современа настава која ги подготвува учениците за успех во тековното и идното образование.

Формативното оценување има не само значајно влијание врз напредокот на учениците, туку и врз квалитетот на наставата воопшто. Преку собирање информации за тоа како учениците го разбираат материјалот и какви предизвици се јавуваат, наставниците добиваат увид во ефективноста на методите што ги користат во наставата. Овие сознанија им овозможуваат да ги

прилагодат своите пристапи, да користат поразновидни наставни техники и да креираат активности што подобро одговараат на потребите на учениците. Како резултат на тоа, наставата станува поинтерактивна и целосно насочена кон поквалитетно учење.

Формативното оценување поттикнува рефлексија кај наставниците, што е клучен елемент за професионален развој. Наставниците имаат можност да ги идентификуваат своите силни страни и области за подобрување, што води до постојано усовршување на наставниот процес. Резултат на тоа е поефективен и поквалитетен образовен процес кој одговара на потребите на сите ученици.

## Сумативно оценување за мерење на постигањата

Сумативното оценување е крајна проценка на постигањата на учениците, најчесто на крајот од изучувањето на одделна тема или на крајот од наставните периоди (тромесечие, полугодие или крај на учебна година). Продукт на сумативното оценување е нумеричка оценка кој треба да го одрази степенот на совладаност на очекуваните резултати од учењето, односно на постигнувањето на стандардите за оценување. Примената на сумативното оценување се заснова на систематски и стандардизирани процедури кои овозможуваат точна и веродостојна проценка на знаењата и вештините на учениците.

Процесот започнува со дизајнирање на алатките за оценување, како завршни тестови, проекти, есеи, презентации или практични задачи, кои се поврзани со стандардите за оценување наведени во наставната програма. Клучно е овие алатки да бидат валидни, односно да мерат токму она што е цел на учењето, и да бидат релевантни, со што се обезбедува оценувањето да биде смислено за учениците. Наставниците ги дефинираат критериумите за оценување однапред, како и скалите за проценка, што го прави процесот транспарентен за учениците и родителите. Објективноста е обезбедена преку примената на јасни насоки и процедури, кои го минимизираат ризикот од субјективни интерпретации.

Она што го прави сумативното оценување квалитетно е неговата способност да обезбеди правични и точни резултати кои верно ги одразуваат постигањата на учениците. Ова се постигнува преку употреба на разновидни методи кои дозволуваат проценка на различни аспекти на учењето, како што се различните видови когнитивни и практични вештини.

Сумативното оценување исто така има значајна улога за анализирање на ефективноста на наставните стратегии и за идентификување на области за подобрување во наставата. Резултатите служат како основа за планирање на идни интервенции и за обезбедување услови наставниот процес да ги исполнува очекувањата и потребите на учениците. Преку транспарентност, објективност, валидност и конструктивна употреба на резултатите, сумативното оценување станува клучен елемент во обезбедување на квалитетно образование.

Во гимназиското образование, сумативното оценување е усогласено со очекуваните резултати од учењето и со барањата од испитните програми за државната матура. Оценките стекнати преку редовното оценување го поддржуваат континуираниот развој на учениците и истовремено обезбедуваат усогласеност со завршните испитувања. Ваквиот пристап овозможува подобра подготвеност на учениците за матурата, како и кохерентност меѓу наставниот процес, стандардите и крајната евалуација. На тој начин се создава систем кој е предвидлив, фер и функционален за сите ученици.

**Резиме на клучните придобивки од примена на оценувањето предвидено со концепцијата**

- **Поддршка на учењето**: Формативното оценување помага учениците да ги идентификуваат слабостите и да ги подобрат стратегиите за учење.
- **Мотивација на учениците**: Квалитетното оценување ги мотивира учениците преку конструктивна повратна информација и одавање признание за нивните достигнувања.
- **Правичност и објективност**: Јасни критериуми и стандарди обезбедуваат транспарентниот и праведен процес на оценување.
- **Проценка на постигањата**: Сумативното оценување обезбедува јасна слика за нивото на постигања на учениците и за исполнетоста на стандардите за учење.
- **Планирање интервенции**: Резултатите од сумативното оценување помагаат да се идентификуваат области за подобрување кај учениците и во наставниот процес.

# СЛЕДЕЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА НАСТАВАТА

Квалитетот во образованието претставува основа за индивидуалниот и општествениот развој, како и предуслов за градење на современи образовни системи кои одговараат на потребите на 21. век. Тој вклучува обезбедување ефективна и интерактивна настава, постигнувања на учениците и создавање средина која го поддржува учењето. Од клучна важност е квалитетот не само да се обезбеди, туку и постојано да се следи и вреднува за да се постигне континуиран напредок.

Еден начин кој овозможува следење на квалитетот на образованието претставува примената на Програмата за меѓународна оценка на учениците – ПИСА (PISA) која е организирана од ОЕЦД. ПИСА претставува значаен инструмент за следење на квалитетот на образованието. Учеството на учениците во ПИСА тестирањето не е важно само за споредба на постигањата со оние на учениците од другите земји, туку и за добивање увид во тоа како образовниот систем ја исполнува својата цел да ги подготви младите за реалниот свет. Преку мерењето на знаењата и вештините на учениците во области како читање со разбирање, математичка писменост и писменост во природните науки, ПИСА тестирањето покажува дали наставните програми и методите на поучување одговараат на потребите на современото време. Оценувањето ја истакнува и важноста на компетенциите како критичко размислување, применливост на знаењата и способноста за решавање на комплексни проблеми. Дополнително, ПИСА ја вклучува и дигиталната писменост како клучна компонента, со што ја нагласува неопходноста од развој на вештини кои се значајни во дигиталната ера. Резултатите од ПИСА не само што покажуваат како стоиме во однос на меѓународните стандарди, туку и даваат вредни насоки за подобрување на наставните практики и за унапредување на образовните стратегии за иднината.

## Државна и училишна матура

На крајот од гимназиското образование, учениците се соочуваат со завршните испити кои го заокружуваат нивното средно образование и претставуваат основа за следните образовни и професионални чекори:

- *Државна матура:* Испит кој е предуслов за продолжување на високото образование. Обично вклучува мајчин јазик, математика или странски јазик, како и дополнителни изборни предмети кои одговараат на академските интереси на учениците.
- *Училишна матура:* За учениците кои не продолжуваат на факултет, училишната матура го заокружува гимназиското образование, овозможувајќи им да го започнат својот професионален пат.

Поединечните аспекти на овие испити, како изборот на предмети, структурата и критериумите за оценување, се дефинирани во Концепцијата за полагање на матура. Овие завршни испити ја заокружуваат целината на гимназиското образование и ја гарантираат подготвеноста на учениците за идните предизвици. Резултатите од завршните испити нудат повратна информација за успехот на образовниот процес и се користат како индикатор за слабостите на системот кои треба да се коригираат за следните генерации гимназијалци.

Дополнително, важно е да се нагласи дека гимназијата е академска средина чија примарна цел е да ги подготви учениците за продолжување на образованието на високо ниво. Во тој контекст, државната матура не треба да се перципира како една од двете можности, туку како природна завршница на академското образование и логичен чекор кон универзитет. Од самиот концепт на гимназиско образование произлегува дека сите ученици треба да се стремат кон стекнување високо образование, при што училишната матура останува исклучок, резервиран за специфични случаи каде учениците од лични или професионални причини не го продолжуваат формалното образование. Со ова се афирмира улогата на гимназијата како образовна институција која не само што обезбедува општо знаење, туку создава интелектуална основа за понатамошна академска и професионална реализација.

## Евалуација и самоевалуација на училиштата

Евалуацијата и самоевалуацијата на училиштата претставуваат клучни алатки за обезбедување и одржување на квалитетот во гимназиското образование. Овие процеси не само што обезбедуваат увид во моменталната состојба на училиштето, туку и помагаат во планирањето на идниот развој и подобрување.

*Интегралната евалуација* се спроведува од страна на Државниот просветен инспекторат (ДПИ), со користење на стандардизирани постапки за прибирање податоци за квалитетот на работењето на училиштата. Со нив се опфаќаат повеќе клучни подрачја, како што се: организација и реализација на наставата, условите и културата во воспитно-образовните установи, менаџмент, исполнување и вреднување на работните задачи на наставниците и стручните соработници, професионален развој на воспитно-образовните и раководните кадри, комуникации и односи со јавноста, соработка со родителите и средината и слично.

По завршување на евалуацијата, училиштата добиваат детален извештај со наоди и препораки за подобрување. Овие извештаи служат како основа за планирање на вложувања, подобрување на менаџментот и развивање иновации во наставата. Покрај тоа, годишните извештаи на ДПИ даваат увид во квалитетот на воспитно-образовниот процес на национално ниво, помагајќи во креирањето образовни политики.

*Самоевалуацијата на училиштата* е систематски процес преку кој училиштата добиваат повратни информации за сопственото работење. Податоците се собираат од сите засегнати страни – ученици, наставници, родители и локалната заедница. Подрачјата на самоевалуација

се усогласени со оние од интегралната евалуација, овозможувајќи компаративна анализа и континуитет во подобрувањето.

Резултатите од самоевалуацијата им помагаат на училиштата да ги:

- да ги препознаат силните страни и предизвиците,
- да ги планираат активности за надминување на слабостите и
- да ги вградуваат наодите во развојните планови.

Овие резултати, во комбинација со наодите од интегралната евалуација, државните и меѓународните тестирања, и советодавната поддршка од Бирото за развој на образованието, создаваат цврста основа за континуирано подобрување на наставата и учењето.

**Резиме на клучните придобивки од следењето на квалитетот на гимназиското образование**

- **Подобрување на наставата и учењето**: Поттикнува ефективна и интерактивна настава која ги поддржува учениците да ги развијат своите способности и критички да мислат.
- **Поддршка за учениците**: Евалуацијата и самоевалуацијата овозможуваат идентификација на слабостите и планирање на активности за нивно надминување.
- **Континуиран развој на училиштата**: Интегралната и самоевалуацијата создаваат основа за развојни планови и подобрување на менаџментот и наставните практики.
- **Подготвеност за идни предизвици**: ПИСА и завршните испити (државна и училишна матура) создаваат добра основа за академската и професионалната подготвеност на учениците и овозможуваат идентификување на слабостите што треба да се надминат за следните генерации.
- **Транспарентност и отчетност**: Стандардизираните процедури за евалуација и следење на квалитетот обезбедуваат објективност и јасност за сите учесници во образовниот процес.

# НАСТАВЕН КАДАР, СТРУЧНИ СОРАБОТНИЦИ И ДИРЕКТОРИ

## Професионални компетенции во гимназиското образование

Квалитетот на воспитно-образовниот процес во гимназиите е тесно поврзан со професионалните компетенции на наставниците, стручните соработници и директорите. Овие компетенции опфаќаат знаења, вештини и способности потребни за ефикасно реализирање на воспитно-образовните цели. Знаењата се однесуваат на познавањето на образованието како систем и разбирањето на специфичните предметни области, додека вештините и способностите се поврзани со нивната практична примена.

Компетентните наставници ја препознаваат сопствената одговорност за успехот на секој ученик, раководејќи се од вредности што промовираат инклузивност, почитување на човековите права и активно прифаќање на различностите. Тие се модели за учениците, не само во училницата, туку и во поширокото училишно опкружување, со што дополнително ја засилуваат улогата на гимназијата како клучна алка во образовниот процес.

## Улогата на директорите во гимназиите

Директорот е клучна фигура во организацијата и развојот на гимназијата. Неговите/нејзините компетенции вклучуваат умешност за управување, решавање проблеми и создавање работна клима што поттикнува успешна реализација на наставата. Директорите се подготвуваат за својата улога преку посебни обуки и полагање испит за директори, со што се потврдува нивната способност за ефикасно менаџирање. Тие ја поттикнуваат соработката меѓу наставниците, стручните соработници, учениците и родителите, креирајќи средина каде што секој учесник во образовниот процес се чувствува ценет и прифатен. Дополнително, директорите активно работат на развивање партнерства со локалната заедница и приватниот сектор за обезбедување дополнителни ресурси кои ќе го унапредат квалитетот на наставата и вонраставните активности.

## Континуиран професионален развој

Наставниците и стручните соработници ги стекнуваат основните компетенции за време на своето иницијално образование, а понатаму ги надградуваат преку континуирана пракса и стручно усовршување. Континуираниот професионален развој е право и обврска за сите наставници, стручни соработници и директори во гимназиското образование. Тој е насочен кон усовршување на знаењата и вештините во согласност со најновите научни откритија и современите трендови во образованието. Компетенциите на наставниците и стручните соработници не се статични – тие постојано се развиваат за да одговорат на новите образовни предизвици и на потреби на учениците. Професионалниот развој може да се иницира индивидуално од страна на наставникот/стручниот соработник, врз основа на личните потреби, но и системски, преку активности предложени од националните образовни институции. Овие активности вклучуваат акредитирани обуки, вебинари, конференции и меѓународни соработки, кои обезбедуваат можности за размена на искуства и воведување иновативни практики во наставата. Во гимназиите се формираат тимови за професионален развој кои имаат задача да ги идентификуваат потребите на наставниците и да ги координираат обуките и активностите, при што се користат и внатрешни и надворешни ресурси.

## Соработка меѓу наставниците

Соработката е основа за успешна реализација на воспитно-образовниот процес во гимназиите. Училишните активи и професионалните заедници за учење претставуваат форум каде што наставниците споделуваат искуства, дискутираат за предизвиците и заеднички развиваат стратегии за подобрување на наставата. Овие групи може да бидат организирани по предметни области или пошироки теми, вклучувајќи и стручни соработници, тутори и други засегнати страни. Наставниците можат да соработуваат и виртуелно, преку платформи за размена на материјали, дискусии и професионални блогови. Ваквите алатки се корисни не само за помалку искусните наставници, туку и за поискусните кои имаат можност да го збогатат својот репертоар на методи и пристапи. Соработката промовира чувство на заедништво, што е клучно за квалитетот на наставата и мотивацијата на сите учесници во образовниот процес.

## Кариерен развој на наставниците и стручните соработници

Кариерниот развој на наставниците и стручните соработници се темели на професионални стандарди и вклучува напредување во звања, како што се ментор и советник. За да се достигнат овие нивоа, потребно е да се исполнат критериуми утврдени со законски акти, кои вклучуваат

високи стандарди за работа, континуирано професионално усовршување и учество во развојот на наставните материјали и практики. Наставниците и стручните соработници кои успешно напредуваат придонесуваат не само за унапредување на сопствената работа, туку и за поддршка на своите колеги, на учениците и на училиштето како целина. Ова ја зајакнува улогата на гимназиите како институции што ги подготвуваат учениците за успешна иднина. Со овој пристап гимназиите ги поставуваат основите за развој на квалитетно образование кое ги подготвува учениците за современите предизвици и ги поддржува наставниците и директорите во нивните професионални улоги.

**Резиме на клучните придобивки од професионалниот и кариерниот развој на наставниците, стручните соработници и директорите**

- **Ефикасно раководење со училиштата** – Директорите успешно управуваат со училиштето, поттикнуваат тимска соработка и обезбедуваат дополнителни ресурси преку партнерства со заедницата и приватниот сектор.
- **Континуиран професионален развој** – Обезбедува постојано усовршување на наставниот кадар и стручните соработници преку обуки, вебинари и меѓународна соработка, што придонесува за повисок квалитет на наставата.
- **Усогласени професионални компетенции на наставниците** – Наставниците ги поседуваат потребните знаења за предметната област и образовниот систем, се вешти во примената на иновативни методи на поучување и активно поттикнуваат инклузивност и почитување на различностите во наставата.
- **Подобрена соработка меѓу наставниците** – Преку училишни активности и професионални заедници за учење, наставниците разменуваат искуства и развиваат иновативни стратегии за подобрување на образовниот процес.
- **Можности за кариерен развој** – Систем за напредување во звања како ментор и советник, што обезбедува поддршка за професионални стандарди и развој на наставни практики и материјали.

## УЧИЛИШНА КЛИМА И КУЛТУРА ВО ГИМНАЗИИТЕ

Создавањето училишна култура која ги поттикнува учениците за учење и личен развој е од суштинско значење за обезбедување квалитетно образование. На сите им е јасно дека учениците не учат само од наставните содржини на часовите, туку и од скриените пораки кои ги добиваат од целокупната училишна средина. Овие пораки доаѓаат од начинот на кој е организирано и раководено училиштето, од квалитетот на односите меѓу наставниците, учениците и другите вработени, од релацијата со родителите, од правилата и традициите во гимназијата, како и од изгледот и функционалноста на училишните простории. Затоа гимназиите настојуваат пораките што учениците ги добиваат за време на наставата да се рефлектираат и засилуваат преку целокупниот училишен амбиент, креирајќи основа за развој на позитивни ставови, и вредности кај младите.

Градењето позитивна училишна култура придонесува за подобрување на академските и социјалните резултати кај учениците. Кога училиштето функционира како поддржувачка заедница, учениците имаат поголема мотивација за учење, подобри меѓучовечки односи и развиваат вредности кои ќе ги водат низ целиот живот. Со тоа, гимназиите не само што подготвуваат ученици за следните фази од нивниот образовен и професионален развој, туку и придонесуваат за создавање одговорни и свесни граѓани.

## Поттикнувачка училишна клима

Гимназиите градат поттикнувачка училишна клима преку јасно дефинирана визија за образованието, улогата на училиштето во реализација на таа визија и заедничките вредности кои ги промовираат. За да се обезбеди севкупна позитивна атмосфера, училиштата се посветени на постојано унапредување на физичките услови, снабденоста со ресурси и обезбедување на безбедна средина, ослободена од дискриминација и насилство.

Клучен аспект на ваквата клима е почитувањето на сите чинители во училиштето – учениците, наставниците, стручните соработници и административниот персонал. Ова се постигнува преку демократски пристап во раководењето кој вклучува транспарентност при донесување на правилата за однесување, редовен проток на информации и активно учество на учениците, наставниците и родителите во процесот на одлучување.

Гимназијата претставува средина која учениците ја доживуваат како инспиративен простор за личен и социјален развој, каде што не се вреднува само знаењето, туку и креативноста, ангажираноста, талентот и индивидуалниот израз. Во оваа фаза од животот, кога учениците оформуваат ставови, интереси и идентитети, училиштето треба да понуди разнолики можности кои ќе ги поддржат не само академски, туку и во сите други аспекти на нивниот развој.

Гимназиите, внатрешно, но и меѓусебно, организираат натпревари по различни предмети, литературни и уметнички конкурси, училишни театарски продукции, музички бендови и спортски тимови кои им овозможуваат на учениците да се изразат, да соработуваат и да се натпреваруваат во позитивен дух. Ваквите активности не само што го зголемуваат чувството на припадност кон училиштето, туку и ја развиваат самодовербата, лидерските вештини и способноста за тимска работа.

Особено значајни се можностите за соработка со училишта од други градови и држави преку проекти, размена на ученици и заеднички иницијативи. На тој начин, учениците стекнуваат интеркултурно искуство, развиваат европски вредности и ја прошируваат својата перспектива за светот. Ваквата поттикнувачка клима го подготвува младото лице не само за академски успех, туку и за активно, одговорно и ангажирано граѓанство.

## Улогата на ученичкото организирање

Гимназиите поттикнуваат активно ученичко организирање преку различни тела, како што се класните заедници, училишниот парламент и други форми на ученичко здружување. Овие структури овозможуваат учениците да бидат активни учесници во решавањето на нивните проблеми и проблемите на училиштето. Преку ваквите тела, учениците се оспособуваат да носат одлуки, да преземаат иницијативи и да се грижат за подобрување на училишната средина.

Придобивките од ученичкото организирање се повеќекратни. Прво, учениците развиваат лидерски вештини и чувство на одговорност. Второ, се гради култура на дијалог, тимска работа

и почитување на различните мислења. Трето, ваквите активности ги подготвуваат учениците за активна граѓанска улога во општеството. Дополнително, ученичкото организирање создава средина во која учениците се чувствуваат слушнати и ценети, што ја подобрува нивната мотивација за учење и го засилува нивното учество во животот на училиштето.

### Улогата на наставата

Во гимназиите, наставата е дизајнирана да биде интерактивна, прилагодена на потребите и интересите на учениците, и насочена кон поттикнување активно учество. Наставниците се повеќе гледани како партнери во процесот на учење, отколку како авторитети. Тие настојуваат да создадат средина каде што учениците чувствуваат дека нивните идеи и глас се ценат.

За да можат наставниците успешно да ја извршуваат оваа улога, гимназиите инвестираат во нивниот континуиран професионален развој преку обуки и можности за усовршување. Дополнително, се посветува внимание на нивниот кариерен напредок, наградувањето за постигнувањата и поддршката за одржување на висок професионален и општествен статус.

### Соработка со родителите и локалната заедница

Соработката со родителите е важен дел од училишната култура во гимназиите. Родителите се вклучени во различни активности, од учество во советот на родители и училиштето до волонтирање на настани, предавања и заеднички акции со своите деца. Овој тип на партнерство придонесува за градење силна врска меѓу училиштето и семејството, што позитивно се одразува врз успехот на учениците.

Локалната заедница, исто така, има важна улога. Гимназиите соработуваат со локалните институции за да обезбедат дополнителна поддршка за своите активности. Во замена, учениците и наставниците активно учествуваат во хуманитарни, еколошки и други акции кои ја зајакнуваат врската меѓу училиштето и заедницата. Покрај тоа, гимназиите често се поврзуваат со други училишта на национално и меѓународно ниво, што овозможува размена на искуства и идеи за подобрување на образовните процеси.

**Резиме на клучните придобивки од училишната култура предвидена со концепцијата**

- **Поттикнувачка училишна клима**: Создава позитивна атмосфера преку јасна визија, безбедна средина и демократско управување.
- **Ученичко организирање**: Развива лидерски вештини, одговорност и култура на тимска работа и дијалог.
- **Интерактивна настава**: Поттикнува активно учество, критичко размислување и партнерски однос меѓу наставниците и учениците.
- **Соработка со родителите**: Гради силна врска меѓу училиштето и семејството за подобрување на успехот на учениците.
- **Ангажман со локалната заедница**: Обезбедува дополнителна поддршка за воннаставните активности и го зајакнува односот меѓу училиштето и заедницата.
- **Развој на вредности**: Придонесува за академски и социјален напредок, создавајќи одговорни и свесни граѓани.